Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-4201/4-3
16.10. 2024 год.
СКОПЈЕ

Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација
До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ |
| Седиште | Ул. Мајка Тереза бр.47 1000 Скопје |
| Контакт информации | 02 3126032 |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Проф. д-р Зоран Стерјев, Декан<br>070 307 744<br>zost@ff.ukim.edu.mk |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | |
| Основ за самоевалуацијата | Годишен план |
| Период за кој се однесува извештајот | 2023 / 2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија за самоевалуација (број на одлука и датум) | одлука бр. 02-684/18 од 5.11.2021 година (членови од редот на наставниците)<br>одлука бр. 02-102/3 од 13.02.2024 година (членови од редот на студентите) |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | |

Место Скопје, датум 10.7.2024
Ревидирано 16.10.2024

МП

овластено лице на установата-Фармацевтски факултет
Декан
Проф. д-р Зоран Стерјев

2

Прилог1- Образец за Извештај од самоевалуација
До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ |
| **Седиште** | Ул. Мајка Тереза бр.47 1000 Скопје |
| **Контакт информации** | 02 3126032 |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Зоран Стерјев, Декан<br>070 307 744<br>ZOST@FF.UKIM.EDU.MK |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | |
| **Основ за самоевалуацијата** | Годишен план |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2023 / 2024 |
| **Одлука за формирање на стручната комисија за самоевалуација (број на одлука и датум)** | одлука бр. 02-684/18 од 5.11.2021 година (членови од редот на наставниците)<br>одлука бр. 02-102/3 од 13.02.2024 година (членови од редот на студентите) |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | |

Место Скопје, датум 10.7.2024 МП овластено лице на установата-Фармацевтски факултет
Ревидирано 16.10.2024
Декан
Проф. д-р Зоран Стерјев

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет - Скопје |
| Седиште | Ул.Мајка Тереза бр.47 1000 Скопје |
| Веб страница | http://www.ff.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Мисијата на Фармацевтскиот факултет е да обезбеди квалитетна едукација на своите студенти и да продуцира високостручен кадар, оспособен компетентно да одговори на потребите на општеството за решавање на сите прашања од доменот на фармацевтската, лабораториско-биоинжинерската и диетотерапевтската дејност.<br>Визијата на Фармацевтскиот факултет во Скопје е да биде лидер во областите на своето делување во земјата и во регионот и постојано да ја унапредува својата позиција на меѓународно ниво.<br>Препознавајќи ги потребите на нашето општество, за реализација на мисијата и визијата на ФФ, утврдена е стратегија базирана на следниве активности:<br>• Поттикнување на иновативноста и континуирано подобрување на квалитетот во наставата,истражувачките и апликативните активности со употреба на најсовремени методи и техники<br>• Постојано осовременување на наставниот план со воведување нови програми и насоки, компатибилни со програмите на високоразвиените европски и светски факултети од областа;<br>• Непристрасност, објективност, транспарентност и почитување на високи етички норми;<br>• Овозможување стимулативна атмосфера за индивидуален професионален развој;<br>• Континуирано развивање на научно истражувачката дејност и соработка со научната јавност во земјата и во странство<br>• Поддршка и стимулирање на издавачката дејност<br>• Изградување на сопствена препознатливост во земјата и во странство.<br>• Развивање и унапредување на соработка со други факултети, универзитети и институции во земјата и надвород неа, со цел подобрување на квалитетот и перформансите на факултетот<br>• Обезбедување мултикултурно милје со почитување на различностите на секоја етничка група;<br>• Востановување на едукативна политика базирана врз автономност, адекватност, акредитација и самоевалуација. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: јавна установа. Матичен број: 6462715. Шифра на дејност: 85.42 високо образование. |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Акредитација на установата:05/96 од 04.04.1977<br><br>Студиски програми на прв циклус на студии<br>**2019** (реакредитација за тригодишна академска студиска програма |

| | |
|---|---|
| | за дипломиран лабораториски биоинженер – прв циклус: решение од одборотза акредитација 1409-208/3 од 10.05.2019 и решение од МОН 14-1167 од 03.07.2019)<br>**2021** (реакредитација на интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација: решение од одборотза акредитација 08-72/4 од 11.02.2021и решение од Агенција за квалитет бр.08-69/4од 10.03.2021)<br>**2023** (реакредитација на студискапрограма од прв циклус студии по диететика и диетотерапија (решение од Агенција за квалитет во високото образование 08-21/6 од 30.6.2023 и решение од Агенција за квалитет бр. 08).<br>Студиски програми на втор циклус на студии<br>**2018** (втора реакредитација на студискапрограма од втор циклус специјалистички студии по фитотерапија – хербални лекови и додатоци на исхраната (решение од одборотза акредитација 1409-184/2 од 27.09.2018 решение од МОН бр. 14-2853 од 08.02.2019).<br>**2019** (реакредитација на двегодишни магистерски студии од втор циклуспо лабораториска анализа и инженерство во фармацијата (решение од одборотза акредитација 1409- 289/3 од 26.09.2019 год. и решение од МОН бр. 14-2749 од 7.11.2019<br>**2021** (реакредитација на интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација: решение од одборотза акредитација 08-72/4 од 11.02.2021и решение од Агенција за квалитет бр.08-69/4од 10.03.2021)<br>**2021** (реакредитација на студискапрограма од втор циклус специјалистички студии по фармацевтска регулатива (решение од одборотза акредитација бр. и решение од Агенција за квалитет бр. 08-1013/4 од 09.11.2021)<br>**2021** (реакредитација на студискапрограма од втор циклус специјалистички студии по хомеопатски лекови (решение од одборотза акредитација 08-415/5 од 15.04.2021 и решение од Агенција за квалитет бр. 08-597/4 од 26.07.2021).<br>**2021** (реакредитација на студискапрограма од втор циклус специјалистички студии по фармаковигиланца (решение од одборотза акредитација 08-107/4 од 11.02.2021 и решение од Агенција за квалитет бр. 08-68/4 од 10.03.2021)<br>**2022** (реакредитација на студискапрограма од втор циклус = специјалистички студии по индустриска фармација (решение од одборотза акредитација 08-596/6 од 17.03.2022 и решение од Агенција за квалитет бр. 08-354/4 од 05.04.2022).<br>**2023** (реакредитација на студискапрограма од втор циклус студии по диететика и диетотерапија (решение од Одборот за акредитација 08-22/6 од 30.6.2023 и решение за почеток со работа од Агенција за квалитет бр. 08-998/4 од 12.7.2023<br><br>Студиски програми на трет циклус на студии<br><br>2021 - реакредитација на студиска програма за Докторски студии по фармација, Решение од одборот за акредитација бр. 08-182/6 од 29.09.2021, Решение за почеток со работа 40-12389/1 од 14.12.2021 година |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна | 22 редовни професори<br>9 вонредни професори<br>5 доценти |

| | |
|---|---|
| дејност | 1 насловен вонреден професор<br>Вкупно: 37<br>11 асистенти |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | На прв и прв и втор интегриран циклус запишани се 133 студенти (вкупно активни 841)<br>На втор циклус запишани се 33 студенти (вкупно активни 144)<br>На трет циклусзапишани се 9 студенти (вкупно активни 58)<br>На Фармацевтскиот факултет во учебната 2023/2024 вкупно запишани се 171 студенти |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Фармацевтскиот факултет претставува високообразовна, научна и здравствена институција од областа на фармацијата во РС Македонија. Во 1977 год., по извршените анализи и согледувања на постојаниот дефицит на фармацевтски кадар во Републиката, Ректоратот при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на 4 април 1977 год., донесе одлука со решение бр. 05-95 за основање на Фармацевтски факултет.<br>Првата генерација студенти на Фармацевтскиот факултет е запишана во учебната 1977/78 година и броела 80 студенти. Фармацевтскиот факултет се конституира како работна организација во состав на Универзитетскиот центар за медицински науки, заедно со Медицинскиот, Стоматолошкиот факултет и Факултетот за физичка култура. Со тоа е започната првата фаза од развојот на Факултетот во која, за специфичните фармацевтски предмети, беа формирани посебни катедри и беа избрани првите наставници, додека наставата за другите предмети, според наставниот план, се изведуваше врз интердисциплинарен принцип, со учество на наставници од Медицинскиот и Природно-математичкиот факултет.<br>Втората фаза од развојот на Факултетот започнува во 1985 година, кога, согласно со рационализацијата во високото образование, Фармацевтскиот факултет потпиша Самоуправна спогодба за здружување со Медицинскиот факултет во една работна организација, како Отсек за фармација при Медицинскиот факултет во Скопје. Катедрите на Отсекот за фармација беа организирани како фармацевтски институти.<br>Во последователниот период до денес факултетот континуирано се развива со надградба на капацитетите, кадарот, воведување на нови и осовременување на постоечките студиски програми.<br>Во моментот на Фармацевтскиот Факултет функционираат пет Институти и девет стручно-апликативни центри како и административен и технички оддел со соодветен кадар. Капацитетите на Факултетот континуирано се надградуваат со современа опрема за реализација на практичната настава и научноистражувачката дејност.<br>Следејќи ги светските трендови но и локалните потреби на пазарот на труд, се организираат студии од прв, интегриран прв и втор циклус, втор и трет циклус, со наставни програми кои редовно се реакредитираат а Факултетот реализира и здравствени специјализации како и бројни активности за континуирана едукација на дипломираните фармацевти. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | - Континуирано обезбедување на соодветни услови и можности за квалитетна едукација на високо образувани кадри во сите степени на образование од областите на фармацијата, лабораторискотo биоинженерство, диететика и диетотерапија и останати поврзани стручни и научноистражувачки области.<br>- Едукација на кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на труд, оспособени за самостојна работа и со солидна научна основа и |

| | |
|---|---|
| | потенцијал за понатамошен континуиран професионален развој<br>- Организација на студии од сите циклуси, препознатливи и компаративни со соодветните студиски програми што се реализираат на факултетите во регионот и Европа; Имплементација на Европскиот Кредит Трансфер Систем (ЕКТС) во дизајнот и реализацијата на студиските програми<br>- Континуирано планирање и реализирање на предвидените програми за работа, перманентно надградување и реакредитирање на студиските програми имплементирајќи ги највисоките научни и стручни сознанија<br>- Практикување на интерактивност и транспарентност во наставата, примена на современа лабораториска методологија и информатичка технологија во изведувањето на наставата<br>- Интензивирање на меѓународната соработка со Универзитети и факултети во Европа и светот и обезбедување на услови и можности за двонасочна мобилност на студентите, наставниот и административниот кадар;<br>- Континуитет и квалитет во научно-истражувачката дејност и создавање на услови и можности за континуирано обновување и надградба на научните и стручните знаења и вештини како и копетенциите и креативноста на наставничкиот и соработничкиот кадар;<br>- Интензивирање, проширување и продлабочување на научната соработка со сродни високообразовни и научни установи во земјата и во странство;<br>- Проширување и осовременување на инфраструктурните капацитети<br>- Масовно вклучување на студентите во наставнообразовните и другите активности на факултетот;<br>- Спроведување на активности за доживотно образование, континуирано следење на развојот на науката во светот,<br>-Развивање и продлабочување на соработката со претпријатија, организации, установи, и институцииза ради обезбедување кариерни можности за студентите но и со цел учество во креирање и менување на релевантните националните политики<br>- Поттикнување, организирање и интензивирање на издавачката дејност на факултетот, согласно актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во извештајниот период факултетот го задржува трендот на континуиран напредок кај повеќето стандарди за квалитет.<br>Особено се истакнува научноистражувачката дејност која во голем дел се реализира во рамки на меѓународни проекти (4 во тековниот период), како и публикувањето трудови во списанија со фактор на влијание. Професор Никола Гешковски е избран за најдобар научник од областа на медицински науки на Универзитетот Свети Кирил и Методиј за 2022 година, а проф. Биљана Бауер по трет патсе најде во редот на 2% најцитирани научници во светот според Универзитетот Стенфорд. Објавени се 125 референтни научни публикации, 74 трудасе презентирани на конгреси со меѓународен карактер. Во улога на издавач, Фармацевтскиот факултет заедно со Македонското фармацевтско друштво објави два броја од списанието Македонски фармацевтски билтен (Macedonian Pharmaceutical Bulletin). Во однос на препознатливоста на факултетот во меѓународни рамки, се истакнува улогата на Фрамацевтскиот факултет како организатор и домаќин на 14тиот Централно европски симпозиум за фармацевтска технологија „CESPT 2023" – примена на иновации и нанотехнологија во |

| | |
|---|---|
| | фармацијата и улогата на членовите од Центарот за испитување и контрола на лекови во организацијата на годишниот состанок на OMCL-мрежата (13-17 мај, 2024 год., Охрид, РС Македонија).<br>Во однос на стандардите 5 и 6, се издвојуваат неколку активности. Соработничкиот кадар е збогатен со вработување на тројца нови асистенти, а наставно-научниот кадар соизбор на еден доцент непосредно пред отпочнување на учебната година. На факултетот се интензивирани и проширени активностите на Центарот за кариера а воведено е и индивидуалното кариерно советување со сертифициран GCDF советник. Поддршката на студентскиот сојуз и научно-истражувачкото здружение на ФФ е континуирана, а во изминатата година реализирани се и повеќе научни проекти наменети за студентите од прв циклус на студии.<br>Во рамки на активностите на Центарот за континуирана едукација на дипломираните фармацевти,реализирани се пет настани (семинари, работилници, едукативен курс) на кои земале учество повеќе од 700 учесници.<br>Во однос на обезбедувањето квалитет на студиските програми, подготвени се елаборати за акредитација на студиите од прв и втор циклус за студиските програми Лабораториско биоинженертсво и Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата соодветно. Притоа, направена е ревизија на студиските програми во насока на подобрување на нивниот квалитет, водејќи сметка за организација на наставата и ангажираноста на кадарот согласно важечката Законска регулатива и Колективниот договор на УКИМ. Применети се иновативни пристапи во одржување на наставата и оценувањето кои се очекува да имаат влијание врз мотивацијата на студентите кон постигнување на подобар успех и продлабочување на знаењата и вештините за работа.<br>Во однос на инфраструктурните капацитети, на Факултетот е набавена дополнителна опремаза поддршка на наставата, научни-истражувачката и стручно-апликативната дејност. |

| | |
|---|---|
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | И покрај континуираниот напредок и успехот во остварувањето на сопствената мисија и визија, Фармацевтскиот факултет се соочува и со предизвици, кои се претежно присутни одреден период наназад.<br>Еден од најголемите предизвици е релативно малиот број на наставно-научен и соработнички кадар во реализација на наставата. Со цел да се одговори на потребите на националниот пазар на труд и да се следат светските трендови, на Факултетот се реализираат повеќе студиски програми но со учество на релативно мал број наставници/асистенти, така што е отежната организацијата на наставата на начин да се одговори на барањата на Законот за високо образование и Колективниот договор на УКИМ за ангажираноста на кадарот во наставата. Оттука и оптовареноста со настава е невоедначена меѓу наставниците.<br>Брзото напредување на неодамна вработените асистенти и нивните претстојни избори во наставно научни-звања ќе доведе до голем, безмалку потполн недостаток на соработнички кадар. На два институти недостасува помошен персонал во редовен работен однос, а недостасува и персонал во студентската служба за квалитетно и навремено одговарање на административните барања на студентите.<br>Недоволното финансирање од страна на Државата ја ограничува научноистражувачката и издавачката дејност на факултетот. Вредноста на школарината/уписнината е многу ниска земајќи ги во предвид трошоците за реализација на практичната настава, која подразбира користење на скапа апаратура и реагенси специфични за дејноста. Со цел следење на трендовите во струката, неопходна е набавка на дополнителна современа апаратура, а за обезбедување квалитетни услови за работа, потребно е и проширување на просторните инфраструктурни капацитети.<br>Библиотеката на Факултетот располага со одреден фонд на стручна литература, но неопходно е надополнување со најнови изданија од релевантната литература за стекнување на соодветни знаења по студиските програми. Наставно-научниот кадар континуирано се соочува со недоволен пристап до стручна литература и бази на податоци потребни за подготовка на наставни материјали и научно-истражувачки активности. Сериозен предизвик е обезбедувањето на оригиналност на трудовите/задачите подготвени од студентите што се должи на нефункционалноста на националниот систем за проверка на плагијати.<br>Интересот за запишување на студенти на Фармацевтскиот факултет е континуиран, но просечниот средношколски успех и предзнаења на новозапишаните студенти се пониски, што го отежнува нивното напредување и постигнување успех во тек на студиите.<br>Во учебната 2023/2024 година Факултетот нема формално ангажирано визитинг наставници, мал е бројот на странски студенти и тие се претежно запишани на студиите од втор и трет циклус а исклучително е низок и бројот на членови од кадарот и студенти од додипломските студии на Фармацевтскиот факултет кои реализирале меѓународна мобилност. За поголема интернационална препознатливост и видливост на факултетот неопходно е и интензивирање на контактите и соработката со членови од алумни заедницата, истакнати во дејноста на меѓународно ниво. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |

**Политика за обезбедување на квалитет**

Фармацевтскиот факултет во Скопје континуирано се залага за обезбедување на квалитет, преку активности од типот на: анкетирање на студентите и анализа на нивната оценка за образовниот процес, креирање на нови и ажурирање на постоечките студиски програми согласно глобалните академски трендови и потребите на пазарот на труд, осовременување на наставата и лабораториската пракса, како и огромна посветеност на научноистражувачката работа и апликативната дејност.

Политиката за обезбедување на квалитет наФармацевтскиот Факултет во Скопје се спроведува во согласност со Стратегијата и Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дополнително во склоп на факултетот се спроведува и систем за квалитет согласно ISO 17025 стандард кој се однесува на активностите на апликативните центри во состав на факултетот,кадепокрај апликативната дејност се изведува и научно-истражувачката дејност на факултетот.

Деканатската управа е телото кое што има за цел постојано следење, преиспитување и унапредување на поставените цели за обезбедување највисок квалитет во областа на високото образование.

**Прилози**

Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021);

Правилникзастандардитеипостапкатазанадворешнаевалуацијаи самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 153/2022);

СтатутнаУниверзитетот„Св. КирилиМетодиј"воСкопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019);

ПравилникзаобезбедувањеквалитетнаУниверзитетот„Св. КирилиМетодиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024);

СтратегијазаобезбедувањеквалитетнаУниверзитетот„Св. Кирили Методиј" во Скопје (2024 – 2029);

Упатствозасамоевалуацијаиобезбедувањеиоценувањенаквалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и неговите единици (Универзитетски гласник бр.674/2024);

ДеловникзаработанаСоветотзаквалитетнаУниверзитетот„Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација; Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес

На Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, студентите редовно се вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес.Прибирањето на податоците се спроведува преку анкета кој се дистрибуира во електронска форма до испитаниците, односно студентите од прв и интегриран прв и втор циклус на студии, на крајот од двата семестри во секоја учебна година. Продеканот за настава заедно со информатичкиот инженер ги доставува преку Раководителите на Институти до секој наставник

| | |
|---|---|
| и асистент резултатите за соодветните предмети во чија реализација учествувал, со цел да се земат во предвид укажаните недостатоци, забелешките и препораките од студентите за следната учебна година. Во тековната 2023/2024 година студентите се дополнително анкетирани во рамки на процесот на самоевалуација на УКИМ со две анкети за квалитетот на наставата во зимскиот и летниот семестар, соодветно, како и анкети за задоволството од општите услови на студирање.<br>Анкетата за перцепција на студентите од додипломски студии за квалитетот во наставата во зимскиот семестар покажува дека студентите се задоволни од квалитетот на спроведување на наставата, што се потврдува со високи оцени што се движат од 4.53 до 4.72, со просечна оценка од 4.6 (Прилог 1.2.А.1). Студентитеја задржуваат перцепцијата за квалитетно изведување на наставта и во летниот семестар, и истата ја оценуваат со просечна оценка од 4.53 (Прилог 1.2.А.2). Анализата на спроведените анкети покажа дека одзивот на студентите за одговарање на анкетите е задоволителен, при што за одредени предмети се доставени многу мал број на мислења. Потребно е да се утврди начин за помасовно одговарање на анкетните прашалници и поттикнување на конструктивниот критички став на студентите во однос на предлози за подобрување на квалитетот на наставата.<br>Анкетата за перцепцијата на студентите од општите услови на студирање во зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година ја одговориле 323 студенти, со просечната оценка на условите за студирање од 4.1. Ваква анкета е спроведена и за летниот семестар, при што истата ја одговориле 506 студенти, а задоволството од општите услови за студирање е задржано на истото високо ниво (просечната оценка изнесува 4.1). Анализата на овие анкети (Прилог 1.2.Б.1) покажа дека студентите се особено задоволни (просечни оценки повисоки од 4.2) од: информациите што се достапни на web-страната на Факултетот, соодветноста и опременоста на просториите за настава, библиотечниот фонд на факултетот, информациите за студентите во однос на можности за пракса, вработување, учество на конференции или други можности за напредување/усовршување. Студентите со задоволителна оценка (просечна оценка 3.85) ја оцениле достапноста на студентската администрација. Анкетата покажа дека перцепцијата на студентите е дека не посетуваат доволно обуки за кариера, вештини за вработување или слично (просечна оценка 3.6).<br>Во тековната 2023/2024 година спроведени се и анкети за оценка на задоволството на наставниот и на административниот кадар од условите за работа. Анкетата за оценка на задоволството на наставниот кадар од условите за работа ја одговориле 24 лица. Задоволството на наставниот кадар од општите услови за работа (Прилог 1.2.В.1) е релативно задоволително (просечна оценка 4.1). Највисока оценка (4.8) од наставниот кадар е добиена по прашањето „Единицата ми обезбедува адекватна опрема и потрошен материјал за мојата работа“. Дополнително, членовите на Кадарот се многу задоволни и од атмосферата за работа, како и справувањето на Деканската управа со потенцијалните проблеми. Заедничка констатација е дека кадарот нема доволен пристап до потребната литература и бази на податоци (просечна оценка од 3.5), а и учеството на обуки за унапредување на знаење и вештини, организирани од единицата не е на посакуваното ниво (просечна оценка 3.6).<br>Анкетата за оценка на задоволството на административниот кадар од условите за работа ја одговориле 10 лица и за истите е добиена просечна оценка од 4.4. Вработените во административниот оддел се задоволни од општите услови за работа, со одреден степен на задршка во однос на хигиенските услови (просечна оценка 3.9) и учеството на обуки за унапредување на личното знаење и вештини (3.8) (Прилог 1.2.Г.1). | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.2.А.1 - Резултати од прашалник за студентите на додпиломски студии за перцепцијата на квалитетот во наставата во зимскиот семестар во учебната 2023 /2024 година<br>Прилог 1.2.А.2 - Резултати од прашалник за студентите на додипломски студииза перцепцијата на квалитетот во наставата во летниот семестар во учебната2023 /2024 година<br><br>Прилог 1.2.Б.1 - Резултати од прашалникот за перцепцијата на студентите од општите услови на студирање во зимскиот и во летниот семестар во учебната 2023/2024 година<br><br>Прилог 1.2.В.1 - Резултати од прашалникот за задоволството на наставно-научниот кадар од општите услови за работа<br><br>Прилог 1.2.Г.1 Резултати од прашалникот за задоволството на административниот кадар од општите услови за работа | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примерина вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

| | |
|---|---|
| други релевантни институции/организации во процесот. | |

Управата на Фармацевтскиот факултет е континуирано посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образовниот процес. Факултетот ги осовременува студиските програми при секоја реакредитација која се спроведува редовно, на секои 5 години. Имено, сите студиски програми на Факултетот се акредитирани и во согласност со актуелната законска регулатива.
Дополнително, процесот на самоевалуација на Факултетот кој се спроведува континуираано со пресек на секои три години, ги утврдува заканите, можностите, слабостите и предностите и дава препораки,што во последователниот период треба да бидат имплементирани од страна на управата на Факултетот, за подобрување на квалитетот на институцијата.

Факултетот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. Како примери за исполнетост на овој индикатор се истакнуваат следниве активности:
-претставници на студентите се вклучени во работата/Седниците на Деканатската Управа и во работата на наставно-научниот совет на Факултетот
- студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес, преку анонимно одговарање на анкетни прашалници, а два члена во Комисијата за самоевалуација се избираат од редот на студентите
За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот има формирано Одбор за соработка и доверба со јавноста. Одборот за соработка и доверба со јавноста има советодавна улога и брои 5 члена: 2 члена од наставно-научниот кадар на Фармацевтски факултет; 1 член на Собранието на РС Македонија; 1 член од Фармацевтска Комора на РС Македонија и 1 член од Македонско Фармацевтско Друштво.Одборот дава препораки и совети во врска со: студиските програми од сите циклуси на студии; континуирана едукација; соработката на Факултетот со стопанството и други прашања утврдени со подзаконски акти.

Во периодот од 01.10.2023 до 30.09.2024 година, Оборот има одржано 8 седници на кои:
1. Дадено е позитивно мислење за студиските програми:
-повторна акредитација на студиска програма лабораториско биоинженерство за прв циклус студии
-повторна акредитација на студиската програма лабораториска анализа и инженерство во фармацијата за втор циклус магистерски студии
-повторна акредитација на студиската програма здравствен менаџмент и фармакоекономија за втор циклус магистерски студии
-повторна акредитација на студиската програма здравствен менаџмент и фармакоекономија за втор циклус специјалистички студии
2. Дадени се препораки за програмата за Центарот за континуирана едукација за 2024 година
3.Разгледани се достигнувања во науката преку научно-истражувачки проекти и поттикнување на наставниот и соработнички кадар преку интерни кокурси
4. Разгледани се можности за воспоставување соработка со стопанство, организација на годишно собрание на Европската мрежа на лаборатории за контрола на лекови (General OMCL Network, GEON) -2024 во Охрид и сл.

**Прилози**
Одлука бр. 02-960/4 од 28.12.2023 год за избор на студенти за членови во ННС.
Одлука за избор на студенти во Комисија за самоевалуација бр. 02-102/3 од 13.02.2024

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Тело надлежно за обезбедување квалитет на единицата е Деканската управа во која членуваат Деканот, Продеканот за настава, Продеканот за научноистражувачка дејност и меѓународна соработка, Секретарот на Факултетот, Раководителите на петте Институти и претседателот на Факултетско студентско собрание. Управата одржува редовни седници, најмалку една непосредно пред секојаседница на Наставно Научниот Совет (ННС). На

факултетот функционира Комисија за самоевалуација којаподготвува извештаи на секои три години (заклучно со 2022 година). Од неодамна е формиран и Совет за квалитет кој ќе има задача врз основа на согледувањата од извештајот од самоевалуацијата кој е едногодишен (2023-2024 година) да направи акциски план за работа на Факултетот за следната учебна година. Подготвените извештаи од самоевалуацијата се одобруваат од страна на ННС и се праќаат до Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Особено значење во процесот на обезбедување на квалитет во тековниот извештаен период има ангажманот на Ректоратотна УКИМ, формирањето на Советот за квалитет на УКИМ, Комисијата за самоевалуација на УКИМ и централизираната поддршка за подготовка на материјалите, реализираните обуки, спроведување на анкетите и други активности од овој процес.

**Прилози**
1.4.А –Состав на Деканатска управа од Записник на првата седница на Деканатската Управа02-641/2 од 18.10.2021 год.
1.4.Б - Записници од состаноците на Деканатската Управа
Линк до организациската поставеност на Фармацевтскиот факултет, Деканатска управа

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Основна цел на процесот на самоевалуација на Фармацевтскиот факултет е да го процени квалитетот на наставно-образовниот процес на сите циклуси студии што се реализираат на факултетоткако и квалитетот нанаучно-истражувачките активности. Процесот на самоевалуација има за цел данаправи критична анализа на клучните елементи во работењето на институцијата (студиски програми, наставно-научен и соработнички кадар, наставно-образовна дејност, научноистражувачка работа, студенти, просторни и материјални ресурси, логистичка поддршка, финансирање и надворешна соработка), да ги утврди заканите, можностите, слабостите / недостатоци и предностите за да се разоткријат силните и слабите страни во работењето Крајна цел на процесот на самоевалуација е утврдување на предлог меркиза корекцијаодноснопотполно отстранување на недостатоците, како и зајакнување на предностите.

Последниот извештајот за самоевалуација на Фармацевтскиот Факултет го опфаќа периодот 1.10.2019-30.09.2022 година, во сегментот резиме се наведени препораки за претстојниот период. Извештајот е објавен на веб страната на факултетот.Во извештајниот период 2023-2024 година, исполнети се дел од слабостите кои се нотифицирани во SWOT анализата од претходниот извештај од самоевалуација, при што клучни реализирани точки се:
- нови вработувања пред се кај соработничкиот кадар,
- ангажирање на консултантски фирми преку кои се добиваат информации за учество во европски проекти и како најсоодветно да се добијат нивни фондови,
- преку донации од фирми и учества во проекти, се остварени набавки на ситна лабораториска опрема, но и на апаратура во поголема вредност како HPLC, GC итн. неопходна за изведба на практичната настава
- електронската библиотека постојано се ажурира со нови наслови (учебници и учебни помагала) подготвени од наставниот и соработничкиот кадар
- На барање на Фармацевтскиот факултет, направена е измена во Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата (Службен весник на РСМ бр.231/2024) за да се одговори соодветно доколку се јави неможност за реализација на планот за специјализација односно супспецијализација како резултат од недостаток на ментори.
- воведено е практикантство во фармацевтскиот сектор, дополнително е воведен и ден „жешко столче“ каде студентите имаат прилика да се сретнат со претставници од фармацевтските компании.
- Фармацевтскиот факултет учествува на саем за вработување
- зголемен е интересот и бројот на студенти за учество во проекти, како и искористување на студентски фондови за добивање на проекти

| | |
|---|---|
| - зголемена е школарината за студиите од III циклус со цел да се овозможи покривање на трошоците за реализирање на истражувањата предвидени согласно докторската пријава | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.5 - Извештај од самоевалуација на ФФ за периодот 2019-2022 | |
| 1.6.Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| Извештајот за надворешната евалуација на УКИМ, спроведена од страна на експертскиот тим определен од Европската асоцијација на универзитети (ЕУА), во состав: JohannaMariaLiljeroos, Tampere, Finland, BorjeLennartOlausson, Asa, Sweden, GeorgSchulz, Salzburg, Austria, AndreeSursock, N/A и JanisVetra, Latvia е доставен во ноември 2017 година. Препораките дадени во извештајот се земени во предвид.<br>Во таа насока Фармацевтскиот факултет во Скопје има преземено повеќе активности меѓу кои ја промовира интерактивноста во своето работење со другите единици на Универзитетот, преку вклучување на друг наставен кадар во наставата и во реализација на научните и апликативните проекти, а учествува и со свои предмети во универзитетската листа на изборни предмети.На web страната на факултетот достапни се обрасци и упатства од административен карактер поврзани со студирањето.Во изминатиот период на факултетот е воспоставена алумни асоцијација, а на web страната достапен е линк до пристапницата кон оваа асоцијација. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.6. Извештај од последната спроведена надворешна евалуација на УКИМ | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Основна дејност на Фармацевтскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е наставно-образовната дејност, експлицитно посочено во сите документи кои ја даваат дефинираат основата за правците на делување и развој на институцијата. Оттука, креирањето, одобрувањето и следењето на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии е исклучително важно со цел да се овозможи унапредување на основниот процес - образование на студентите на сите студиски програми, следејќи ги најновите национални и глобални трендови во секторот и подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд.<br><br>Сите студиски програми на Факултетот на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани и се реализираат во согласност со актуелната национална законска регулатива, а постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Фармацевтскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се спроведува во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование. Постапката за реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и.<br>Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Фармацевтскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.<br>Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>2.1.А -Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024)<br><br>2.1.Б -Упатства, акти и правила за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
</table>

Факултетот организира студии од трите циклуси како и здравствени специјализации и тоа:
Прв и интегриран прв и втор циклус на студии

Тригодишна академска студиска програма за дипломиран лабораториски биоинженер – прв циклус: решение од одборот за акредитација 1409-208/3 од 10.05.2019 и решение од МОН 14-1167 од 03.07.2019 - реакредитација

Тригодишна академскастудиска програма за диететика и диетотерапија- прв циклус (решение од Агенција за квалитет во високото образование 08-21/6 од 30.6.2023 и решение од Агенција за квалитет бр. 08) - реакредитација

Петгодишна академска студиска програма за интегрирани студии од прв и втор циклус по фармација: решение од одборот за акредитација 08- 72/4 од 11.02.2021 и решение од Агенција за квалитет бр.08-69/4 од 10.03.2021) - реакредитација

Втор циклус на студии

Студискапрограма од втор циклус студии по диететика и диетотерапија (решение од Одборот за акредитација 08-22/6 од 30.6.2023 и решение за почеток со работа од Агенција за квалитет бр. 08-998/4 од 12.7.2023 - реакредитација

магистерски студии од втор циклус по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата (решение од одборот за акредитација 1409- 289/3 од 26.09.2019 год. и решение од МОН бр. 14-2749 од 7.11.2019 - реакредитација

реакредитација на студиска програма од втор циклус специјалистички студии по фитотерапија – хербални
лекови и додатоци на исхраната (решение од одборот за акредитација 1409-184/2 од 27.09.2018 решение од МОН бр. 14-2853 од 08.02.2019 - втора реакредитација

Студиска програма од втор циклус специјалистички студии по фармацевтска регулатива (решение од одборот за акредитација бр. и решение од Агенција за квалитет бр. 08-1013/4 од 09.11.2021) - реакредитација

Студиска програма од втор циклус специјалистички студии по хомеопатски лекови (решение од одборот за акредитација 08-415/5 од 15.04.2021 и решение од Агенција за квалитет бр. 08-597/4 од 26.07.2021) - реакредитација

Студиска програма од втор циклус специјалистички студии по фармаковигиланца (решение од одборот за акредитација 08-107/4 од 11.02.2021и решение од Агенција за квалитет бр. 08-68/4 од 10.03.2021) - реакредитација

студиска програма од втор циклус специјалистички студии по индустриска фармација (решение од одборот за акредитација 08-596/6 од 17.03.2022 и решение од Агенција за квалитет бр. 08-354/4 од 05.04.202 - реакредитација

Трет циклус на студии

Студиите од трет циклус на фармацевтскиот факултет се реализираат во рамки на единствена Школа за докторски студии на ниво на Универзитетот и тоа во рамки на една студиска програма:
Студиска програма од трет циклус докторски студии по фармација (решение од одборот за акредитација 1409-27/2/2 од 16.03.2018 и решение од МОН бр. 14-771 од 08.05.2018 - втора реакредитација

Студиските програми се дизајнирани да обезбедат континуиран напредок на студентите и да им овозможат стекнување со потребните академски познавања и вештини.:
Содржината на сите студиски програми на сите три циклуси кои се изведуваат на Фармацевтскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е соодветно дизајнирана и опишана, таа е релевантна за поставените цели на студиските програми и постигнување на резултатите од учењето. Целите на студиските програми се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Содржината на студиските програми на сите три циклуси е дизајнирана така да обезбеди континуиран напредок на студентите и да им овозможи да се стекнат со академски знаења и вештини од значење за нивниот понатамошен професионален развој.
Секоја студиска програма има јасно дефинирани дескриптори на квалификации согласно со Уредбата за националната

рамка на високообразовните квалификации. Што се однесува до одделните предметни програми, тие се соодветно дизајнирани за постигнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодветната програма, дадена е содржината на предметната програма, методите на учење, начините и критериумите за оценување како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), ја дефинира и релевантната задолжителна и дополнителна литература.

Содржината на сите студиски програми (акредитирани на прв, втор и трет циклус) на Фармацевтскиот факултет се наведени во приложените елаборати кои се јавно достапни и на веб страната од факултетот.

Студиската програма за интегрирани студии од први втор циклус по фармација е со траење од 5 години и е базирана на кредитниот систем воспоставен со Болоњскиот процес. Фармацевтскиот факултет при УКИМ, Скопје е членка на Европската асоцијација на факултети по фармација (EAFP) и фармацевтите кои се стекнуваат со диплома за завршени студии за магистри по фармација на Факултетот, ги задоволуваат сите барања на професијата фармацевт дефинирана со директивите на Европската Унија (ЕУ директивите 2005/36/ЕС). Студентите активно учествуваат во теоретската и особено во практичната настава која што е задолжителна и истата се спроведува во 14те лаборатории на факултетот и компјутерскиот центар, сите опремени соодветно на потребите на наставата. Студиската програма на УКИМ–Фармацевтски факултет во Скопје е реакредитирана верзија на програмата што е подготвена во рамките на ТЕМПУС проектот JEP-18016-2003 под наслов „Реконструкција на фармацевтската едукација во Република Македонија", реализранво соработка со наставниот кадар на Факултетот за фармацевтски науки при Универзитетот во Копенхаген, Данска и наставниот кадар од Универзитетот во Стокхолм, Шведска. Предвидено е процесот на реакредитација на оваа студиска програма да започне во учебната 2024/2025 година.

Студиската програма од прв циклус додипломски студии по лабораториско биоинженерство образува дипломирани лабораториски биомедицински инженери кои ќе имаат стекнато знаења и вештини во полето на лабораториското работење, како и познавање на теоретските, практичните, критичките знаења и перспективи за лабораториски менаџмент, лабораториски пресметки и статистичка обработка и толкување на податоците добиени во лабораториската практика. Диопломираните лабораториски биомедицински инженери ќе имаат знаења и вештини од областа на лабораториските техники и инструменталните методи кои се користат во лабораториската практика, во дијагностичките лаборатории, лабораториите за дизајнирање и контрола на лекови, хемиски, козметички, прехранбени и природни производи, лабораториите за биотехнолошки испитувања, центрите за испитување и следење на хемикалии и лекови, итн. Оваа студиска програма е реакредитирана во 2023 година.

Студиската програма по Диететика и диетотерапија (прв циклус студии) е така структурирана да ги води студентите низ научно заснованите сознанија за храната и исхраната. Диететичарите ги употребуваат научните сознанија за планирање и имплементација на практични и ефикасни начини за управување со храната - прехранбените производи и исхраната, како за индивидуална примена така и за примена на определени популациони групи. Согласно Европската директива 2005/36/ЕС, универзитетските студии за стекнување академски назив дипломиран диететичар/диетотерапевт треба да овозможат стекнување на дефинирани знаења и вештини, што ќе овозможи соодветни професионални активности на истите. Студиската програма по Диететика и диетотерапија (прв циклус студии) е реакредитирана во 2022 година.

Сите студиски програми при процесот на реакредитација се осовременуваaат и унапредуваат со цел усогласување со актуелните трендови и потребите на општеството.

**Прилози**

2.2 – Елаборати за студиските програми за:

- интегрирани прв и втор циклус на студии по фармација
- прв циклус на студии по лабораториско биоинженерство
- прв циклус на студии по диететика и диетотерапија

- академски магистерски студии
  - По лабораториска анализа и инженерство во фармацијата
  - По диететика и диетотерапија
- академски специјалистички студии
  - СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ – ЗДРАСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ФАРМАКОЕКОНОМИЈА

- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ПО ФАРМАЦЕВТСКА РЕГУЛАТИВА
- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ПО ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА
- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ПО КОЗМЕТОЛОГИЈА
- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ПО ФИТОТЕРАПИЈА – ХЕРБАЛНИ ЛЕКОВИ И ДОДАТОЦИ НА ИСХРАНАТА
- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА ХОМЕОПАТСКИ ЛЕКОВИ
- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА ФАРМАКОВИГИЛАНЦА

- ТРЕТ ЦИКЛУС ДОКТОРСКИ СТУДИИ
- ЗДРАВСТВЕНИ СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ
  Лековити растенија (Фармакогнозија)
  Фармацевтска технологија
  Испитување и контрола на лекови
  Фармакоинформатика
  Клиничка фармација
  Санитарна хемија
  Токсиколошка хемија
  Аптекарска практика

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Фармацевтскиот факултет во Скопје, преку Одборот за соработка и доверба со јавноста, при подготовка на елаборатите за студиските програмисоработува со претставници од струката поточно членови на Македонското Фармацевтско Друштво и Фармацевтската комора на Р.С. Македонија кои располагаат со релевантни и најнови податоци за потребите на општеството и националната економија. Преку Одборот за соработка и доверба со јавноста се остварува соработка со деловната заедница и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност,што овозможува осовременување на студиските програми при процесот нареакредитација во согласност со потребите на општеството и економијата.
Дополнително при процесот на реакредитација на студиските програми, во предвид се земаат и податоците од „Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија“ која што ја спроведува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија. Оваа анкета дава одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.Резултатите од спроведеното истражување за потреба од вештини на пазарот на трудот (за 2024 година) говорат дека во однос на занимањето, а имајќи го во предвид нивото на образование,фармацевт и фармацевтски технологсе едни од професиите коишто ќе имаат приоритет при новите вработувањаво државатаво наредните 12 месеци.

**Прилози**
/

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Во период од најмногу пет години, Фармацевтскиот факултет пристапува кон реакредитација на постоечките студиски програми, во рамките на која се прави ревизија на тековната програма и се прават корекции/адаптации согласно констатираните недостатоци но и научниот развој во соодветната област. Во процесот на акредитација/реакредитација учествуваат и студентите кои се вклучени во работата на Деканатската управа и Наставно-научниот Совет.
Во изминатиот извештаен период подготвени се два елаборати за реакредитација и тоа: за студиската програма Дипломиран лабораториски бионженер и за студиската програма по Лабораториско инженерство и анализа во фармацијата - втор циклус магистерски студии. Во подготовката на овие програми освен студентите беа вклучени и

| | |
|---|---|
| надворешни лица, претставници од струката, поточно членови од Македонското фармацевтско друштво и Фармацевтската Комора на Македонија. | |
| **Прилози**<br>2.4.А - Табеларен приказ на вклучување на студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации) во изработка и ревидирање на студиските програми<br>2.4.Б - Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми | |
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми се изработуваат врз основа на постоечки студиски програми во регионот и во Европа, земајќи ги во предвид спецификите на нашата држава и потребите на националниот пазар на труд. При дизајнирање на предметните програми се води сметкасодржините и предложената литература да бидат соодветни со оние на реномираните странски универзитети и од понов датум. Во последните пет години, Фармацевтскиот факултет нема формално ангажирано визитинг наставници/експерти од странство. Единствено во реализација на студиската пракса се вклучени стручњаци од пракса. | |
| **Прилози**<br>2.5 - Елаборати од сите студиски програми од точка 2.2 | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во периодот од 2023-2024 година, за сите студиски програми. |
| Во елаборатите на сите студиски програми јасно и прецизно се дефинира целокупниот очекуван работен ангажман на студентот во форма на број на часови потребни за одредени активности и број на часови за домашно учење и оценување согласно ЕКТС критериумите. Во курикулумите на студиските програми за Магистер по фармација и дипломиран лабораториски биомедицински инженер е вклучена и задолжителна пракса надвор од факултетот и тоа во аптека односно лабораторија/индустрија за двете горенаведени студиски програми соодветно. | |
| **Прилози**<br>2.6.А - Елаборати од сите студиски програми од точка 2.2<br>2.6.Б - Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности<br><br>Фармацевтскиот факултет во соработка со АД Алкалоид за студентите од секоја година напрограмата Магистер по фармација, организира практична настава во просториите и тренинг лабораторијата на АД Алкалоид. Академската 2023/2024 приближно 460 студенти учествуваа во овој проект. Теми и области во кои стручњаци од пракса работеа со студентите вклучуваа практична настава по предметите: Органска хемија применета во фармација (I семестар), Инструментални фармацевтски анализи (III семестар), Основи на фармацевтската технологија (V семестар),Фармацевтска технологија (VI семестар) Фармацевтска технологија – напредно ниво (VII семестар), Права од интелектуална сопственост во фармацијата(IX семестар), Регистрација на лекови (IX семестар). | |
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[1] |

| |
|---|
| На веб страната од факултетот се објавени официјалните елаборати за акредитација/реакредитација на студиските програми. Тие се објавени на македонски јазик како официјален јазик на кој се изведува програмата. |
| **Прилози**<br>Елаборати од сите студиски програми од точка 2.2 |

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми за 2023/2024 година со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Согласно законските одредби, Фармацевтскиот факултет-Скопје на секои пет години пристапува кон реакредитација на постоечките студиски програми, при што тековните програми подлежат на корекции/адаптации и подобрувања согласно констатираните недостатоци, но и научниот развој во соодветната област. Во изминатиот извештаен период (2023/2024 година) подготвени се два елаборати за повторна акредитација и тоа за студиските програми по Лабораториско биоинженерство – прв циклус и Лабораториско биоинженерство и анализа во фармацијата-втор циклус.
При реакредитација на студиската програма од прв циклус додипломски студии по лабораториско биоинженерствонамален е вкупниот број на предмети (од 42 на 37). Реакредитираната студиска програма опфаќа 31 задолжителни предмети и 6 изборни предмети, во споредба со претходната, што содржи 32 задолжителни предмети, 4 задолжителни изборни предмети и 6 слодобни изборни предмети. Воведени се нови задолжителни предметни содржини; направена е прераспределба на одредени предмети по семестри со цел студентите полесно да ги совладаат наставните содржини; ажурирана е листата на изборни предмети; ажурирана е препорачаната литература во предметните содржини. Дополнително,листата на задолжителни изборни предмети и листата на слободни изборни предмети во структурата на студиската програма(реакредитирана 2019 година) е заменета со единствена листа на изборни предмети(27 предмети). Во реакредитираната студиска програма (2023 година)оптовареноста изразена во ЕКТС кредити по изборен предмет е унифицирана и изнесува 4 ЕКТС.Елаборатот е одобрен од страна на Агенцијата за квалитет на високото образование и добиено е решение за почеток со работа.
При реакредитација на студиската програма магистерски студии по лабораториска анализа и инжинерство во фармацијата,намален е вкупниот број на предмети од 18 на 17. Реакредитираната студиска програма опфаќа 12 задолжителни предмети и 5 изборни предмети, во споредба со претходната, што содржи 11 задолжителни предмети и 7 изборни предмети. Во претходниот елаборат (2019 година) изборните предмети се групирани во три групи – Модул 1 (7 предмети), Модул 2 (8 предмети) и Модул 3 (3 предмети). Во новиот елаборат за повторна акредитација изборните предмети не се групирани по модули. Дополнително, унифицирана е оптовареноста (изразена во ЕКТС кредити) по изборен предмет и истата изнесува 4 ЕКТС. Направена е прераспределба на одредени премети по семестри (на пример Методологија и етика на научно-истражувачка работа, како и Биостатистика-напредно ниво се прераспределени од трет семестар во прв семестар). Во елаборатот за повторна акредитација ажурирана е листата на изборни предмети и понудена е современа литература за предметните содржини. Елаборатот е поднесен до Агенцијата за квалитет на високото образование и изготвувањето на решение за почеток со работа е во завршна фаза.

**Прилози**
2.8. – Елаборати од студиски програми приложени во 2.2

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) за 2023/2024 година. |

За овој извештаен период направена е статистичка анализа која вклучува и приказ на бројот на студенти на сите студиски програми и просечна оценка за секој предмет од додипломските студии.Констатиран е многу висок просечен успех кај изборните предмети и во најголем број случаи оценување на истите со оценка 10, а истото е забележано и кај дипломските трудови.
Студиските програми обезбедуваат континуирано напредување на студентите, при што се забележува осипување во подоцнежните години од студиите. Имено кај програмата МФ само половина од студентите преминуваат во четврта година,а бројот на студенти запишани во петта година е три пати поголем во споредба со бројот на запишани студенти во прва година. Сличен тренд се забележува и кај другите две студиски програми .
За студентите од втор и трет циклус во моментот не може да се направи анализа на просечен успех бидејќи овие

| |
|---|
| податоци не се евидентирани во iknow-системот.<br>Прикажан е и бројот на отпишани студенти ,но не сеобезбедени доволно информации за причината за напуштање на студиите. Дел од студентите на студиската програма по фармација, по сопствено барање и по доставено мислење од Комисијата за еквиваленција, се префрлени на студиската програма по Лабораториско биоинженерство која е со пократко времетраење. |
| **Прилози**<br>2.9.А - Статистички податоци<br>2.9.Б. –Линкови до табели со просечни оценки по предмети кај додиломските студии и последипломските студии поединечно:<br>Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_I циклус студии.docx<br>Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_II циклус студии.docx<br>Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_III циклус студии.docx |

[1] Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Механизмот со кој се обезбедува изведување на програмите со активно учество на студентите, е регулиран со повеќе акти и документи кои доследно се спроведуваат во секојдневната работа.Во статутот на Факултетотјасно се дефинирани сите надлежности на засегнатите страни во доменот на изведувањето на наставата. Посебно се дефинирани надлежностите на Институтите во рамките на Факултетот кои опфаќаат наставна, научно-истражувачка и апликативна дејност. Исто така во статутот е регулиран начинот на организирањето на студентите преку факултетско студентско собрание, како и учеството на студентите во управувањето на Факултетот.

Факултетот ги применува дефинираните правила опишани воПравилникот за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (магистерски студии) на УКИМ. Дополнително, правилата за студирање се јасно дефинирани во Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Фармацевтски факултет.

Во Елаборатите за акредитација / реакредитација на соодветните студиски програми јасно се дефинирани и елаборирани правилата и стандардите за утврдување на квалитетот на наставата, начините на учество на студентите во процесот на учење, настава и оценување. Поединечните механизми одговараат на природата на изучуваната дисциплина: практична настава / лабораториски вежби, проектна задача, презентација, семинарски труд, итн.

**Прилози**

Статут на Фармацевтски факултет;

Правилник за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (магистерски студии) на УКИМ;

Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии

Елаборати од сите студиски програмиво прилог од точка 2.2

Правилник за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на трет циклус на студии - докторски студии на УКИМ

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 25 - и останатите Член 26-31) се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата на Универзитетот (иако не се ограничува само на истите) : предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска наставаи сл. Дополнително, деталните податоци за пристапите и флексибилноста во учењето/наставата согласно спецификата на наставната содржина и потребите на студентите се опишани во Елаборатите за акредитација на

секоја студиска програма посебно (наведени подолу). Секој од овие механизми одговара на природата на предметната содржина во соодветната студиската програма - лабораториски вежби / настава во лабораторија, проектна задача, домашна работа, семинарски труд, посебни вежби, итн.

Воведување на иновации во наставата
Иновативните методи за изведување на наставата се поттикнуваат од менаџментот на Факултетот, како и од наставно-научниот кадар. Во оваа насоканаставниците и соработниците на повеќе предмети имаат развиено специфични иновативни пристапи кон наставата (каде што е применливо), претежно со организирање на екскатедра активности на студиските програми од додипломските студии. Во таа насока, Фармацевтскиот факултет има остварено и соработка со повеќе компании од фармацевтскиот сектор и од прехранбената индустрија, како и со одредени институти при Медицински факултет Скопје, каде што студентите имаат можност да ги утврдат, надоградат и применат во реални услови стекнатите теоретски и практични знаења. Иновативните пристапи во наставата се применуваат во трите студиски програми од прв циклус (додипломски) студии на Факултетот.

**Прилози**

Статут на Фармацевтски факултет;

Правилник за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (магистерски студии) на УКИМ;

Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии

Елаборати од сите студиски програми од точка 2.2

Правилник за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на трет циклус на студии - докторски студии на УКИМ

Прилог 3.2 Примери за иновативни методи во изведување на наставата

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (casestudy) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

На Фармацевтскиот факултет начините на изведување на наставата редовно се адаптираат преку осовременување на студиските програми, ревидирање на наставните содржини и задолжителната/предложената литература со најнови, релевантни учебници од областа какои учебници и учебни помагала подготвени од наставно-научниот кадар на факултетот. Овие адаптации се практикуваат при секоја последователна реакредитација на студиските програми на Факултетот. Важно е да се напомене дека при процесите на адаптирање на наставните содржини, во предвид се земаат и согледувањата дадени во SWOT анализата (позитивни и негативни страни, како и можности за подобрување) од последната самоевалуација на Факултетот, а извештаите од самоевалуациите се достапни на веб-страната на Факултетот.

Посебно е важно да се напомене дека за секоја студиска програма, компетенциите и вештините со кои се здобиваат студентитесе јавно и транспарентно претставени во дескрипторите на квалификации, содржани во елаборатите за соодветните студиски програми, достапни на веб страната на Фармацевтскиот факултет. Наставата се темели на интерактивна настава и учење ориентирано кон студентот и развојот на неговите вештини и компетенции. Во соодветните елаборати може да се видат сите предвидени начини на изведување на наставата, интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот што е во согласност со проблематиката на наставната содржина за секоја посебна студиска програма на Фармацевтскиот факултет - Скопје.

Во елаборатите на студиските програми во одредени наставни содржини има бројни примери за учење базирано на подготовка на проектни задачи - учење базирано на решавање одреден проблем. Освен тоа, елаборатите во целост ги отсликуваат можностите дефинирани во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 25 - и останатите членови 26-31). Имено се применуваат различни облици на настава и пристапи на учење: практична настава, решавање на задача/проблем, изработка на проектна задача, теренска настава, квизови за проверка на стекнатото знаење, презентации, домашна работа итн. и истите се предвидени во соодветната студиска програма.

Во насока на подобрување на квалитетот на наставата, истата се следи и се пристапува кон изнаоѓање решенија за детектирани слабости/недостатоци, по што се прават соодветни корекции и прилагодувања. Овие адаптации се практикуваат при секоја последователна реакредитација на студиската програма. Дополнително, квалитетот на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот процес на првиот и вториот циклус студии на Фармацевтски факултет објективно се проценува преку процесот на Самоевалуација кој досега опфаќал периоди од три години (2019–2022;2016-2019; 2013-2016; 2010-2013).

**Прилози**

- Елаборат за студиските програми од прв интегриран циклус студии, прв и втор циклус на студии, трет циклус докторски студии. – исти како во точка 2.2

- Извештаи од спроведената Самоевалуација на Факултетот за период од

  - 2019–2022;
  - 2016-2019;
  - 2013-2016 и
  - 2010-2013.

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Преглед на методите за оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма со приказ на различни формални алатки за оценување.

Членовите на наставниот кадар се детално запознаени со рамката (методите, принципите, техниките) на оценување и имаат одредена флексибилност за прилагодување на алатките на оценување на своите наставни програми а доколку е потребно можат да побараат поддршка од институцијата за развивање на сопствените вештини во оваа поле.

Методите за оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма се утврдени и детално елаборирани во делот форми на наставни активности, други форми на активности, начин на оценување и критериуми за оценување (бодови / оценка) во предметните програми во составот елаборатите засекоја студиската програма. Начинот на оценување е прилагоден согласно целите на секој предметна програма.

Дополнително на почетокот на наставата, одговорниот наставник детално ги запознава студентите со распоредот и содржината на соодветниот предмет, релевантната литература, начинот/ите на изведување на наставата но и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за дадениот предмет и елементите кои се вреднуваат при формирање на завршната оцена.

**Прилози**
Елаборати за студиските програми од прв интегриран циклус студии, прв и втор циклус на студии, трет циклус докторски студии. – во прилог во точка 2.2

| | |
|---|---|
| Линк до Табели 3.4.А и 3.4.Б: Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) и листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите на ниво на установа за секој циклус на студии поединечно:<br>Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_I циклус студии.docx<br>Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_II циклус студии.docx<br>Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_III циклус студии.docx | |
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите на Фармацевтскиот факултет сево согласност со условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје,дефинирани во рамките на Правилникот за условите на студирање (член 40 до 56). Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се јасно наведени и детално елаборираниво предметните програми дадени во соодветниот елаборат на студиските програми. На Фармацевтскиот факултет се применуваат разни форми на оценување и вреднување на знаењето на студентите, како на пр: колоквиум, завршен испит, активност во рамки на контактните часови, практичен испит, семинарски труд, проектна задача, изработка на хербариум, следење на теренска настава итн. Резултатите од проверката на знаењето се јавно достапни за студентите, тие се објавуваат на веб страната на факултетот/соодветните групи на платформата MsTeams. Предвидено е на студентите да им се овозможат консултации пред полагањето, како и увид во резултатите од оценувањето. Процесот на пријавување на испит, испитните рокови, изведување на испитот, транспарентност во процесот на изведување на испитот, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, се наведени во Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Фармацевтски факултет (став V - Испитен режим). Потребните документи за студентите што се однесуваат на испитниот режим (барање за повторно полагање на испит, барање за полагање на дополнителни предмети, приговор за оценка и др.) се јавно достапни на веб страната на факултетот.<br>Целата оваа рамка на оценување/вреднување треба да биде почитувана од наставниот и административниот кадар на Фармацевтскиот факултет и тоа во секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики. | |
| **Прилози**<br>Правилник и услови за запишување на прв циклус и втор циклус<br><br>Одлука за правила на студирање<br><br>Елаборати на студии исти како во точка 2.2<br>(обрасци за издавање на документи на студенти) | |
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите.Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Воспоставените критериуми и методите на вреднување и оценување им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Покрај воспоставените методи за оценување на стекнатото знаење, на Фармацевтскиот факултет во Скопје се применуваат и иновативни пристапи во оценувањето, како што се мини тестови, мини квизови, како и презентации на одредена тема од наставниот материјал, проследени со дискусија меѓу студентот / студентите и предметниот наставник. Студентите добиваат | |

повратни информации поврзани со совети за понатамошниот процес на учење. При крај на семестарот и пред изведување на испитите, вообичаено се одржуваат консултативни средби помеѓу студентите, професорите и асистентите за одреден предмет, со што на студентите им се овозможува добивање на дополнителни информации и појаснувања. Предвидено е студентите навремено да добијат известување за нивните оценки/резултати (вообичаено во период од 7 дена по завршување на испитот). Јавноста на испитот, како и објавувањето на резултатите од испит е во согласност со Правилникот за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (магистерски студии) на УКИМ (член 48 и член 49).

Добиените оценки/резултати се јавно достапни за студентите, по што тие имаат право на увид во тестот. Во рамките на увидот студентите можат да добијат конкретни информации за остварените резултати и насоки како можат да го унапредат процесот на учење во соодветната наставна материја. Резултатите од испитите исто така се објавуваат на веб страната на факултетот, а во некои случаи и во соодветните тимови на платформата MSTeams.Формираните оценки задолжително и навремено се внесуваат во електронскиот индекс на студентот преку iKnow системот во согласност со член 56 од Правилникот за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на прв циклус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (магистерски студии) на УКИМ, а студентите се известуваат и за термин/и за евидентирање на оценките во индекс.

На поголем број на предмети од студиските програми во формирање на крајна оценка во дадена сесија при изведување на писмен испит се вклучени сите наставните кои учествуваат во изведување на наставата. Прашањата од тестот за писмен испит се формираат и се евалуираат од страна на сите вклучени наставници во предметната програма а студентот добива една конечна оценка од испитот.

**Прилози**

Табели 3.4.Б Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, за 2023/2024 година

Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_I циклус студии.docx

Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_II циклус студии.docx

Табели стандард 3\Tabela 3.4 A i B_III циклус студии.docx

Правилникот за услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање на прв цилкус на студии (додипломски студии) и втор циклус студии (магистерски студии) на УКИМ

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.

На Фармацевтскиот факултет во Скопје е воспоставен систем за постапување по жалби на студенти и пријавување корупција што во целост го имплементира Законот за заштита на укажувачи (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/108 и Службен весник на Република Македонија бр. 257/2020). Дополнително, постапката за постапување по жалби на студенти и пријавување корупција е опфатена и регулирана со Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор и Процедурата за заштитено внатрешно пријавување на Фармацевтски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со процедурата за заштитено внатрешно пријавување на Фармацевтски факултет, се уредува начинот на вршење на прием на пријави заради разумно сомневање или сознание дека на Фармацевтски факултет е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, издвојување и обработка на податоци од пријавитеи преземање на мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, со примена на прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицирани информации. Пријавата може да се поднесе писмено или усмено по сопствена волја. Овластено лицеза заштитено внатрешно пријавување на фармацевтскиот факултет е ДафинкаАнческа на работно место секретар (e-mail адресата и контакт телефонот се достапни на веб страната на факултетот.)

Овластеното лице е должно, веднаш по приемот на пријавата:

- Да постапува во согласност со процедурата и Законот за заштита на укажувачи;
- Да ги заштитува личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат

идентитетот на укажувачот, доколку бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;

- Да го информира укажувачот за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

По завршувањето на постапката, овластеното лице составува извештај за исходот на постапка, за преземените и предложените мерки за отстранување на противправни дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување.

Овластеното лице изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи и го доставува до Државната комисија за спре-чување на корупцијата.

Досега на Фармацевтскиот факултет Скопје не еподнесена ниту една пријава.

**Прилози**

Закон за заштита на укажувачи

Правилник за заштитено внатрешно пријавување

Процедурата за заштитено внатрешно пријавување на Фармацевтски факултет Скопје во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

Податоци за контакт со лице овластено за заштитеновнатрешно пријавување

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |

Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.
Во рамки на Универзитетот, донесени се и јавно се достапни Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии и соодветен Правилник за трет циклус на студии - академски докторски студии во кои јасно се дефинирани сите релевантни информации и прописи за секоја фаза од студирањето. На фармацевтскиот факултет доследно се спроведуваат овие прописи, на веб страната се накратко наведени правилата на студирање на ФФ.

**Прилози**

4.1.А - Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

4.1.Б - Правилник за условите на студирање натрет циклус докторски студии на Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје.

4.1.В - Правила на студирање на ФФ
Одлука за правила на студирањена прв циклус студии (додипломски студии) ивтор циклус студии (постдипломски студии)на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ воСкопје –
Фармацевтски факултет – Скопје

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите се врши согласно дефинираната рамка во Законот за високо образование, Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Фармацевтскиот факултет - Скопје и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.
Согласно Законот за високо образование (член 159) на ФФ се води матична книга на запишани студенти, индивидуално досие за секој студент и главна книга на дипломирани студенти. Формата и начинот на водење (во материјална и електронска форма), како и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.
Согласно наведените прописи се води студентско досие во хартиена и електронска форма каде што јасно може да се утврдат сите активности поврзани со напредокот на студентот низ студирањето. Исто така се води и матична книга на студентите каде што се наведени сите информации, генералии и чекори за секој студент за време на студирањето.

Електронски систем на евиденција на напредокот на студентите, како и следење на неговите активности низ процесот на студирање - како од страна на Фармацевтскиот факултет - Скопје, така и од секој поединечен студент - овозможува iKnow системот. До овој систем имаат пристап членовите на наставно-научниот и соработничкиот кадар, поединци од административните служби и секој регистриран студент. По безбедносна автентикација исто како и членовите од студентската служба, студентот може да пристапи до информации за своите активности и напредок низ студискиот процес согласно привилегиите кои му се дадени, а професорот/асистентот има увид само восевкупниот постигнат успех на студентот и релевантните податоци за предметот во кој учествува наставникот/асистентот.Системот се ажурира во реално време.

**Прилози**
Линк до Iknow системотLogin - Iknow (ukim.mk)

Хартиена форма и електронска форма на студентското досие (согласно член 159 ЗВО)

Матична книга на запишани студенти (Согласно член 159 ЗВО)

**iKnow** системот - упатство за користење:

4.2.А - Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје

4.2.Б - Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024)

Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Фармацевтски факултет - Скопје

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за 2023/2024 година. |

Во Законот за високо образование (Службен весник 102/2018) и Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Фармацевтски факултет - Скопје подетално се образложени и уредени напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, повторување на семестарот, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, продолжување на студиите по прекинување, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.

Информациите за реализираните образовни активности, како и реализирана мобилност исто така се евидентира и во студентското досие (го води службата за студентски прашања) - кое се води за секој студент и таму се евидентираат сите сегашни и претходни образовни активности и мобилности. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно Еразмус). Согласно Законот за високо образование (член 159) на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

**Прилози**
Исти како точка 4.2
Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Фармацевтски факултет - Скопје

Прилог 4.3 - Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста во учебната2023/2024 година

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите | Диплома, уверение и додаток на диплома |

| | |
|---|---|
| добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | |

Во Законот за високо образование (Оддел 5, член 155) јасно е дефинирана рамката и содржината на Дипломата, уверението и додатокот на диплома, додека во посебен Правилник објавен во Службен весник бр.102 од 2018 год.(Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи) детално е утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.

**Прилози**

Обрасци за Диплома, уверение и додаток на дипломата.

Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024)

Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[2] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Во учебната 2023-2024 година, вкупно 35 членови на наставно научниот кадар од Фармацевтскиот факултет учествуваат во реализација на наставниот процес, од кои од кои 34 се вработенина факултетот и со полно работно време и сите имаат звање доктор на науки од соодветната област, а еден професор е вработен во друга институција.

Во извештајниот период 2023-2024 година на Фармацевтскиот факултетот му беа одобрени 4 вработувања и тоа на еден доцент и тројца соработници (асистенти) што претставува зголемување на кадарот за 9%. Сите овие вработувања се реализирани во целост. Ова овозможи дополнително да се прошири кадровскиот потенцијал на факултетот.

Редовните професори се на возраст од 48 до 67 години, вонредните професори од 40 до 47 години, додека доцентите имаат од 31 до 40 години. Асистентите на факултетот се на возраст од 26 до 32 години.
Дополнително за реализација на наставата, ангажирани се 56 лица со наставно-научно или научно звање од надворешни институции, 5 соработници (асистенти) од надворешни институции како и 147 надворешни стручњаци од практиката кои во својство на едукатори учествуваат во реализација на професионалната пракса.

Истовремено во извештајниот период се пензионирани еден вработен од редот на наставниот кадар и 1 вработен од техничкиот кадар.

Фармацевтскиот факултет во Скопје е високообразовна институција која се залага за највисоки стандарди во процесот на ангажирање на кадрите. Во рамките на наставниот процес вклучен е кадар на предметите на сите програми согласно областите на кои докторирале со соодветни квалификации и кој обезбедува високи критериуми со цел да се задоволат потребите на наставно образовниот процес, што може да се види во табелата која е дадена во прилог 5.1.В.

За потврда на компетентноста и потенцијалот кој го поседува ангажираниот кадар на факултетот, во прилог на 5.1 се дадени и биографиите на наставниот кадар, извештаитеи одлуките за избор засекој член поединечно (линк во прилог). Од биографиите на наставниот кадар може да се согледа активно учество во процеси поврзани со унапредување на способностите, знаењата и квалификациите во изведување на студиските програми. Ова вклучува учество во семинари, конференции, истражувачки проекти и други активности кои придонесуваат за континуиран професионален развој и усовршување на наставата.

Факултетот е членка на Европската асоцијација на факултетите по фармација, што му овозможува будно следење на новите трендови во фармацевтската едукација и вложување напори да се биде во чекор со времето и да се одговори на потребите за создавање квалификувани фармацевтски кадри, обучени и оспособени за работа во сите сфери на фармацевтската дејност, усогласено со Европската директива за признавање на квалификации на регулирани професии.

**Прилози**

5.1.А. - Линк до Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат

2Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

5.1.Б - Линк до Одлуки за избор во звање;

5.4 - Табела на наставен кадар со изборво звање

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2т.21од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Во извештајниот период (2023-2024 година) од Фармацевтскиот факултет во Скопје, двајца професори добија признанија за своите достигнувања. Проф. д-р Билјана Бауерпо трет пат е на листата на 2% највлијателни научници согласно Универзитетот Стенфорд.Врз база на остварените врвни резултати во научно-истражувачката дејност, за најдобар научник на УКИМ во 2022 година од областа на медицинските науки е избран вонр. проф. д-р Никола Гешковски од Фармацевтскиот факултет.

Во овој период евидентирани се голем број публикации кои придонесуваат за развој на научната мисла од соодветната област и нудат академски развој на кадрите на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Низ времето, бројот на публикации како во квалитативна, така и во квантитативна насока бележи позитивен тренд, зајакнувајќи го научно истражувачкиот капацитет на целата институција, а истовремено просечниот придонес на членовите од наставниот и соработничкиот кадар на факултетот се истакнува над универзитетскиот просек.

Вкупниот број на трудови со оригинални научни резултати објавени во рецензирани научни списанија, индексирани во електронски бази како Ebsco, Emerald, Scopus, Web ofScience, JournalCitationReport и SCImagoJournalRank, е во пораст.

Во 2023 година се објавенивкупно 82 труда од кои 26 во списанија со фактор на влијание.
Во 2024 година, во извештајниот период кој го опфаќа самоевалуацијата се објавени вкупно 43 труда од кои 21 во списанија со фактор на влијание.Највисок фактор на влијание во извештајниот период изнесува IF- 50.7, а опсегот на факторот на влијание на списанијата во кои се објавени останатите трудови се движи помеѓу IF (0,07-20,3). Просечниот фактор на влијание изнесува IF 4.14.
Во прилозите во Табела 5.2.б е презентиран поединечниот придонес на целиот наставно-научен кадар за периодот 2023-2024 година.

**Прилози**
Табела 5.2.А - Линк до број на објавени трудови во референтни научни публикации од страна на наставниот кадар во установата.

Табела 5.2.Б - Линк до листа наобјавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[3]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен |

3Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | однос со полно работно време. |
|---|---|

На Фармацевтскиотфакултет во Скопје, наставниот и соработнички кадар евклученвонаставно образовните процеси на прв, втор и трет циклус настудии. При распределба на наставните активности Факултетот се водипо законските одредби (член 161) од Законот за високотообразование(Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024) и пропишаните акти одКолективниотдоговорзависокотообразованиена УКИМ (член 16 и 19) (Службен весник на Република Македонија бр.287/2022) и член 12 од Одлуката за плата,надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Фармацевтски факултет – Скопје.
Во однос на менторите на магистерски и докторски трудови на студиската програма Факултетот ги почитува законските одредби.Во текот на една учебна година, еден наставник е определен за ментор на најмногу 12 кандидати кои изработуваат магистерски трудови.Еден наставникможе истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него се обучуваат за научна работа.

Наставно-образовниот процес на Факултетот, во додипломската настава се одвива во рамките на три студиски програми: интегрирани студии од прв и втор циклус студии - петгодишни студии за стекнување со звањето Магистер по фармација (10 семестри, 300 ектс), тригодишни студии за дипломирани лабораториски биомедицински инженери (6 семестри, 180 ектс) и тригодишни студии за дипломирани диететичари/диетотерапевти (6 семестри, 180 ектс).
Теоретската настава кај интегрираните студии од прв и втор циклус по фармација се изведува во една група, а практичната настава до 9-тиот семестар се изведува просечно во 4 групи. Професионалната пракса што се реализира во последниот (десетти) семестар, се спроведува индивидуално и во групи составени од најмногу 10 студенти, во зависност од предвидената активност.
Теоретската настава за прв циклус студии по лабораториско биоинженерство се изведува исто така во една група, додека практичната настава до 6-ти семестар претежно во две групи.
Теоретската настава за прв циклус студии по диететика и диетотерапија се изведува во една група.

Вториот циклус на студии има вкупно 9 акредитирани програми од кои 7 се академски специјалистички студии (во траење од 1 година, со 2 семестри и вкупен број на кредити 60) :
Специјалистички студии по фармацевтска регулатива
Специјалистички студии по фитотерапија - хербални лекови и додатоци на исхраната
Специјалистички студии по козметологија
Специјалистички студии по хомеопатски лекови
Специјалистички студии по фармаковигиланца
Специјалистички студии по индустриска фармација
Специјалистички студии по здравствен менаџмент и фармакоекономија

и 2 акредитирани студии на магистерски студии:
Лабораториска анализа и инжинерство во фармација и
Диететика и диетотерапија (во траење од 2 година, 4 семестри, со вкупен број на кредити 120).
Дополнително на Фармацевтскиот факултет во скопје се реализираат и 9 програми за Здравствени специјализации, во траење од 3 години.

Фармацевтскиот факултет во Скопје има акредитирано една програма за трет циклус на студии, каде наставниот кадар е вклучен се вклучени согласнонивнитеквалификации во различни предметнипрограми на најмногу 3 предмети согласно член 38 од Правилникотза условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020).
Согласно на законските одредби за соодветна застапеност на изборни/задолжителни предмети, на факултетот се организираат и реализираат соодветен број на изборни предмети. Заради малиот број на наставен кадар факултетот се соочува со потешкотии во организација на наставата за да одговори на законските барања и критериуми:

-Лице избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

-Лице избрано во наставно-научно, наставно и научно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на вторциклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

Запазувањето на критериумот за максимален број на предмети на кои може да предава наставникот претставува сериозен предизвик во организација на наставата на факултетот земајќи го во предвид фактот дека предметите (ЕКТС) не се со воедначено оптоварување на наставниците.
И покрај предизвиците, наставниот и соработнички кадар на ФФ квалитетно и во потполност ги реализира наставните активности.

**Прилози**
5.3–Табела со преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал на сите циклуси на студии за 2023-24

Линк до веб страната на Факултетот каде се дадени квалификации на кадароткако доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време (прилог и 5.1.В).

Линк до Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024)

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Во процесите за ангажирање на наставен и соработнички кадар при УКИМ, Фармацевтски факултет во Скопје, постојат строги законски нормативи за ангажирање наставен кадар, при што факултетот одржува и запазува високо ниво на доследност и квалитет за спроведувањето на истите. При спроведување на изборите, реизборите и унапредувањата на наставниците и соработниците, Факултетот ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование, од Статутот и усвоените единствени критериуми за избор во наставно-научни звања на Универзитетот. Од рецензентските извештаи заедно со одлуката за избор објавени во билтените на Универзитетот ијавно објавени на веб страната може да се увиди дека сите конкурси заизбори биле реализирани без приговори или жалби во однос на објективноста и почитување на критериумите при оценувањето на потенцијалниот кандидат, во случаи каде повеќе од една личност била пријавена за истото работно место.
Во рамките на рефератите за избор во целост се елаборирани постапките како и аргументите за избор на одредена личност во одредено звање.

Динамиката и заложбите на кадровската политика на Фармацевтскиот факултет во Скопје континуирано се во насока на обезбедување на дополнителни кадри со јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување почитувајќи го Законот за високо образование, соодветните акти (статути), правилници и начела при процесот на селекција и избор, со финална цел спроведување на правилен, транспарентен и најподобен кадар. Во рамките на Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања и демонстратори се пропишани сите детали околу критериумите за избор. Истовремено на веб страницата од факултетот за секој од избраните кандидати се објавени рецензентските извештаии истовремено може да се најдат на профилот на секој од ангажираниот наставно научен и соработничките кадар.

**Прилози**
5.4 - Лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања

5.4.А - Линк до правилник за избор во звањапри УКИМ

5.4.Б - линк до статут на Фармацевтски факултет

5.4.Г - Линк доweb страна на факултетот каде е кадарот со линкови до објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Наставниот и соработнички кадар на Фармацевтскиот факултет во Скопје имаат на располагање 3 амфитеатри со вкупен број од 300 седишта, 1 училница капацитет од 50 седишта, 14 лаборатории со капацитет од 30 студенти во 1 лабораторија за изведување на предвидената практична настава согласно предметните програми на трите циклуси на студии. Компјутерски центар со седишта за 20 студенти, 20 кабинети за наставно-научна дејности, и 1 просторија со „океан“ начин на работа за сместување и работа на соработничкиот кадар. Со тоа вкупната површина на корисен простор е 3000 m2.
Континуирано, наставниот, соработничкиот и административниот кадар има пристап до современи компјутери (статични и преносни), интернет пристап и безжичен интернет, кои исто така се достапна опција и во амфитеатрите, предавалните и лабораториите низ Фармацевтскиот факултет во Скопје.

За електронско полагање на испити на Фармацевтски факултет се користи online платформата Exam.net.На истата може да се пристапи преку линкот https://exam.net/

Фондот од е-библиотеката им е достапен на студентите online преку следниот линк а со пополнување на online прашалник можа да се резервира подигнување на книги кои се достапни во hardcopy во склоп на библиотеката при Фармацевсткиот факултет во Скопје.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како одговор на потребите на својата академска заедница, обезбедува пристап до неколку електронски библиотеки како EBSCOhost, CambridgeCore, Digitalresourcesinthehumanitiesandsocialsciences, ERS publications, ASTM, Elgaronline, како и MSP, бази до кои и Фармацевсткиот факултет има пристап.

Фармацевтскиот факултет има поставено стратегиски план кој се рефлектира и соодветно обработува во годишен план (план за јавни набавки). Врз основа на планот за јавни набавки, се подготвуваат тендерски постапки кои се спроведуваат согласно законската регулатива и се проследени со транспарентни постапки за кои се изработуваат извештаи. Извештаите се секогаш дел од расправата на Деканатската управа и се одобруваат од страна на ННС.

Факултетот со одлука бр. 02-117/11 од 17.02.2022 е поддржувач на еден трогодишен проект кој се избира со пријава на интерен конкурс на самиот факултет, а е оценет од комисија и одобрен од Наставно научниот совет на факултетот. Дополнително од страна на институтите се поднесуваат барања кои се разгледуваат прво на Деканатска управа и последователно на Наставно научниот совет. Доколку ги поминат овие филтри се одобрува нивната реализација.
Проектите во принцип се едногодишни и по нивно завршување се доставуват извештаи, но доколку истите се со подолг период на реализација истите се обврзани зависно од нивната динамика најмалку еднаш годишно да доставуваат соодветни извештаи кои се разгледуваат на Деканатска управа и на ННС.

**Прилози**
5.5.А – Статут на Фармацевтски факултет

| | |
|---|---|
| 5.5.Б - Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.<br><br>5.5.В - Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br><br>План за јавни набавки2023<br>План за јавнинабавки 2024 | |
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации солиста на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Посветеноста на Фармацевтскиот факултет во Скопјезаунапредувањенаситепроцеси, како и креирање на можности за обука и едукација наnаставниоткадар е континуирано.Треба да се напомене дека факултетот обезбеди сопствени средства за реализација на тригодишен научно-истражувачки проект (2022 – 2024) од наставниот кадар на Фармацевтскиот факултет и чија што реализација е веќе отпочната. Дополнително, донесена е одлука за доделување на финансиски средства на годишно ниво за сите пет институти на факултетот наменети за научно-истражувачка работа. Во насока на олеснување на процесот на публикација и зголемување на видливоста на Фармацевтскиот факултет, донесена е одлука за алоцирање на средства за финансиска поддршка за надомест за публикување на научно-истражувачки трудови во списанија со фактор на влијание поголем од 4. Додатна стимулација на младиот соработнички кадар (асистенти/доценти) е постигната со реализација на проектот за избор на „Научен потенцијал на годината“, преку кој тројца асистенти што пријавија најплодна научно-истражувачка дејност во тековната година добија соодветни финансиски грантови (одлука бр.02-102/7 од 13.2.2024 година). Деканската управа реализира уште еден значаен проект за вработените на факултетот со цел стимулација на научно-истражувачката дејност. Имено, во тек е конкурс за избор на „Научник на годината на УКИМ-Фармацевтски факултет“, со што професор од факултетот со најплодна научно-истражувачка работа во 2023 година ќе биде награден со парична награда (одлука бр. 02-102/6 од 13.2.2024 година).<br>Факултетот неколку последователни години обезбедува од сопствениот фонд и средства за објавување на научен труд во списание со фактор на влијание ≥4. | |
| **Прилози**<br>Одлука бр. 02-830/5 од 10.11.2023 и одлука бр. 02-510/4 од 06.09.2024 година за финансискаподдршкана активностите поврзани со научно-истражувачката работа имеѓународнатасоработказаразвојнанаукатаиобразованието на Фармацевтскиот факултет во Скопје<br>Одлука бр. 02-742/6 од 25.11.2021 година за доделување на средства за објавување на научен трудво списание со фактор на влијание ≥4, УКИМ-Фармацевтски факултет<br>Одлука бр. 02-102/7 од 13.2.2024 година за Научен потенцијал на годината<br>Одлука бр. 02-102/6 од 13.2.2024 година година за Научник на годината на УКИМ-Фармацевтски факултет<br><br>5.6Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава | |
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

| и носи додадена вредност. | |
|---|---|

Во периодот на известување, на Фармацевтскиот Факултет во Скопје гостуваше професор Барбара Јадах (BarbaraJadach) од Универзитетот во Познан, Полска, во склоп на ЦЕЕПУС проект со предавање на тема „Мезопорозни материјали како потенцијални носачи за испорака на лекови“ (Mesoporousmaterialsaspotentialcarriersfordrugdelivery)

Во реализација на студиската пракса ангажирани се голем број стручњаци од практиката (прилог 5.7.А).

**Прилози**

5.7.АСписок на ангажирани стручњациод практиката

| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
|---|---|

Поттикнувањето на научната работа на Факултет се остварува претежно преку реализација на национални и меѓународни научноистражувачки и апликативните проекти, како и организација и учество на конференции, симпозиуми и други настани од меѓународни размери.

Во извештајниот период наставно-научниот кадар на Факултетот учествува во реализација на 33 проекти (Прилог) од кои 4 се меѓународни, а 29 се национални проекти. (Прилог 5.8.А). 16 проекти се апликативни, 15 се научни, додека 2 се развојни проекти.

Проектите се однесуваат на испитувања од различни области:

Проценка на природни производи - Развој на нови алатки за утврдување на содржината и капацитетот на природни компоненти.

Зелени аналитички методи - Фокус на еколошки прифатливи техники за фармацевтска анализа.

Вибрациона спектроскопија - Развој на методи за определување на компоненти од природно потекло, лековити суровини и готови фармацевтски производи.

Аптекарска грижа - Истражување за подобрување на услугите во аптеките.

Фармацевтска технологија - Дизајн на носачи за инкорпорирање на активни компоненти.

Следење на фалсификувани лекови-Зајакнување на лабораториските капацитети на Фармацевтскиот факултет за подобра контрола и идентификација на фалсификувани производи.

Кадарот со 74 презентации на трудови во форма на усмени предавања или постери учествува и на меѓународни конференции (Прилог 5.8.Б). Дополнително институцијата е домаќин и на научни и стручни конференции од меѓународен карактер како што е 14тиот Централноевропски Симпозиум за Фармацевтска Технологија со фокус на Фармацетски Развој и Нанофармацевтици што се одржа во периодот 28-30 Септември во Охрид, конференција на која учество земаа повеќе од 200 учесници од 20 Европски држави.

Се интензивираат активностите на наставниот кадарза учество во обуки и работилници за унапредување и поврзување на наставната со научната дејност (5.6.Б).

**Прилози**

5.8.А Листа на национални и меѓународни проекти

5.8.Б Листа на учества на кадарот на конференции/семинари/конгреси и работилници

| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
|---|---|

Фармацевтскиот факултет активно дејствува во насока на воведување на иновативни методи во наставата.Во таа насока факултетот има остварено соработка со најголемата фармацевтска индустрија во нашата земја - Алкалод АД Скопје, при што студентите од нашиот факултет имаат можност дел од практичните вештини да ги стекнат во фармацевтската индустрија. Имено во учебната 2023/2024 година за студентите кои што ги слушаа предметите Основи на органска хемија (I-семестар), Инструментални фармацевтски анализи (III-семестар), Аналитика на лекови (VIII-семестар) и Регистрација на лекови (изборен предмет, IX-семестар) беше организирана дводневна практична настава во Тренинг лабораторијата на Алкалод АД Скопје. За време на престојот во Тренинг лабораторијата студентите имаа можност да ги утврдат и надградат стекнатите теоретски знаења со практични искуства во фармацевтска индустрија.

Во таа насокаИнститутот за применета хемија и фармацевтски анализи, во соработка со Центарот за кариера,

организираше еднодневна работилница за сите студенти од Фармацевтскиот факултет со наслов „Зелени хроматографски методи во контрола на квалитет на лекови“, како и еднодневна работилница на тема ,,Развој на аналитички методи: од теорија во пракса”која се одвиваше во делот Контрола на квалитет во фармацевтската компанија Реплек АД Скопје.Во рамките на предметот фитохемија (задолжителен предмет од втора година)организирана е посета на приватен производствен погон за дестилација на етерично масло во Скопје.Спроведените екскатедра активностите на Институтот за применета биохемија и Институтот за фармацевтска хемијасе состојат од:еднодневна стручна и едукативна посета во компанијата VitaliaHealthFood во Скопје (за студенти од VI-ти семестар, програма Диететика и диетотерапија); едукативна активност на Институт за Судска медицина и криминалистика при Медицински факултетСкопје (за студенти од VI-ти семестар, програма Лабораториски биоинженер)како и посета на БиохемискатаЛабораторија при УК за Гинекологија и Акушерство, Медицински Факултет, Скопје.

**Прилози**

Примери за воведување на иновативни методи во изведување на наставата - исто како прилог 3.2

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Фармацевтскиот факултет во Скопје не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат особено во делот на магистерскиидокторскитрудовикадеод кандидатот се бара да достави соодветна изјава за оригиналност покрај извештај од спроведена лектура. Во спротивно кандидатите може да бидат изложени на дисциплинска постапка.
Во рамките на редовниот наставно образовен процес, дисциплинската комисија формирана на Фармацевтскиот факултет спроведува постапки за санкционирање на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди на институцијата. Во извештајниот период до дисциплинската комисија е доставена една дисциплински пријава за нерегуларности кои се направени за време на полагање. Врз основа на доставените пријави, Комисијата изрекла дисциплинска мерка - забрана за полагање на дадениот предмет во три последователни сесии.
Проверката на плагијаторство ја врши менторот. Доколку се утврди плагијаторство, на кандидатот нема да му се дозволи одбрана на трудот, делото ќе биде поништено и ќе биде постапено соодветно на актите на Универзитетот. Проверката на плагијаторство со примена на националниот систем http://plagijati.mon.gov.mk/ , во извештајниот период беше отежната.
Фармацевтскиот факултет заедно со македонското фармацевтско друштво е издавач на МакедонскиотФармацевтски Билтен, списание со меѓународен карактер кое исто така ги обврзува сите потенцијални автори да достават или да го прикачат својот труд/допис итн. на систем за проверка на плагијаторство.

**Прилози**

5.10.А Етичкикодекс

5.10.Б Плагијати

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика/документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

При Фармацевтскиот факултет во Скопје, Извештајот за работата на Деканот е документ кој се подготвува на годишно ниво каде се сумирани сите активности на ниво на Институцијата за претходната академска година. Во тој документ сумарно се евидентирани сите активностите на наставниот кадар воделотнанаучноистражувачкатаработавотекотнагодината.Воедно се прават напори и се укажува ситеактивностидабидатвидливинаонлајнплатформите како што се Google scholar, Research gate, ORCID и сл.
Во делот на Статутот на УКИМ и Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје,сеутврдениактивноститеповрзанисонаучноистражувачкатаработа,аистотоево согласност соdадените насокиодзаконотзанаучно-истражувачкадејност.

**Прилози**

| Извештај за работа на декан 2022-23 година. | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

Наставно-научниот кадар при Фармацевтскиот факултет во Скопје континуирано придонесува за напредок на оваа област во работењето на факултетот, но и на овој сегмент во општеството, што како пример може да се земе големиот број на научно-истражувачки проекти каде вработените се вклучени како носители и/или учесници во тие проекти и истите се образложени погоре во точките (5.2, 5.6 и 5.8) од овој стандард.

Учеството и подготовката на проекти од различни области има голем и разнолик импактврз фармацевтската заедница, како и врз индустријата и стопанствениците.

Проектот „Пристапи за развој на еколошки прифатливи хроматографски методи во фармацевтски анализи“овозможи развој на одржливи хроматографски методи што можат да најдат примена во лабораториите за контрола на квалитет на лековите во фармацевтската индустрија, како и во националните лаборатории за вршење на контрола на квалитет на лековите. Токму затоа фармацевтската компанија „Алкалоид“ АД Скопје во соработка со Центарот за кариера при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје отпочна едукативно-апликативниот проект наменет за студентите на Фармацевтскиот факултет на тема „Зелени хроматографски методи за контрола на квалитетот на лековите“.

Проектот„Платформа за интеграција, агрегација и складирање на знаење поврзано со фармацевтските науки PharmDataBorg“се однесва наплатформа креирана за интеграција, агрегација и складирање на знаење поврзано со фармацевтските науки, која ќе овозможи брз и едноставен пристап до податоци и услуги, подобро спроведување на истражувањето и олеснување на размената и употребата на резултатите во секоја фаза од циклусот на истражување. Развиената е-инфраструктура на меѓународно ниво ќе ја подобри видливоста на резултатите од научноистражувачката работа на Фармацевтскиот факултет, што ќе резултира со поголема препознатливост и влијание на резултатите од истражувањата на факултетот како на национално и така и на меѓународно ниво. Со тоа ќе се отворат и нови можнсоти за учество во меѓународни научноистражувачи иницијативи и проекти за решавање на глобалните научноистражувачки предизвици од областа на фармација и здравство.

Проектот„Имплементација на иновациски модели во процесот на развој на нови производи за третман на рани во здравствениот сектор“, може да има значаен придонес кон регионалните и националните развојни цели, особено во областа на здравството и фармацевтската индустрија. Преку развој на нови медицински производи базирани на природни компоненти, како што се иновативните преврски за третман на хронични рани, проектот не само што промовира примена на природни ресурси туку и овозможува создавање нови економски можности. Имено, потенцијалната комерцијализација на овој производ може да отвори нови работни места и да ја зајакне соработката помеѓу истражувачките институции и фармацевтската индустрија, придонесувајќи кон подобрување на јавноздравствените услуги и поттикнување на понатамошни истражувања во областа.

Проектот„ВетаЛипоФер – додаток во исхрана за профилактички третман на анемија кај животни“резултира со подготовка наиновативни формулации за перорална администрација на железо кај животни која ќе биде комерцијализирана и пуштена во промет во Р.С. Македонија.

Проектот „Развој на вибрациониспектроскопски методи за брзо следење на фитоканабиноиди во коноп и соодветни преработки“овозможува развој на модели за брзо следење на фитоканабиноиди со инфрацрвена спектроскопија во процеси на одгледување и екстракција, што помага во воведувањето на нови процесни аналитички техники во производството на канабис за медицински цели.

Проектот именуван како „Зелени“ аналитички пристапи во проценка на квалитетот на препарати и хербална суровина од *Silybummarianum* L. овозможува предложување и воведување на брзи, зелени екстрактивни техники за бел млечен трн што е одличен начин за оптимизирање на процесот на проценка на биоактивните компоненти, како што е силимаринскиот комплекс. Овие техники би можеле да овозможат побрза и поефикасна анализа во споредба со традиционалните фармакопејски методи. Ова ќе биде голема предност за производителите кои сакаат навремено да проверат квалитет на своите суровини пред пласман на пазарот. Овој пристап не само што ќе го олесни процесот на проверка на квалитетот на суровините, туку и ќе придонесе за поголема еколошка

| |
|---|
| одржливост со користење на зелени технологии. Дополнително, фиторемедијацијата станува сè поважна алатка за санирање на загадените почви, особено со тешки метали (ТМ) и токму затоа белиот млечен трн може да претставува интересен кандидат за оваа цел, бидејќи освен што може да ги акумулира тешките метали, постои можност ова да влијае и на продукцијата на секундарни метаболити како силимаринот(„БЕЛ МЛЕЧЕН ТРН (*SILYBUM MARIANUM* (L.) GAERTH)- Коров или полезно медицинско растение со потенцијал за фиторемедијација на почви“) |
| **Прилози**<br>/ |

# Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Активностите на Факултетот се финансираат со буџетски средства од Министерството за образование и наука и од сопствени приходи.Сопствените приходи се остваруваат од партиципации од студирање на прв циклус студии и интегрирани студии од прв и втор циклус студии; самофинансирање на студирањето за додипломски, последипломски и докторски студии, стекнување средства од здравствени специјализации, научно истражувачката дејност според прифатени научноистражувачки проекти; вршење образовни услуги на правни и на физички домашни и странски лица, научни и стручни услуги и производи на правни и на физички домашни и странски лица, различни форми надградување, продлабочување или проширувањена знаењата и континуирано образование, приходи по основа на авторски права во сопственост на Факултетот; легати, подароци, завештанија, прилози и други извори, применувачка односно апликативна дејност за правни и физички лица и други научни и стручни услуги и други приходи.<br>Во учебната 2023/2024 година (заклучно со 30.09.2024) се остварени приходи во вкупен износ од 166.394.000 денари, од кои 48,59% се средства од Министерството за образование и наука и 51,41% се сопствени приходи.<br>Во текот на извештајниот период, дел одсредствата од самомофинансирачките активности беа насочени за реализација на јавните набавки согласно планот за јавни набавкии за купување на лабораториска, информатичка и друга опрема како и потрошни материјали и реагенси за изведување на наставната и апликативната дејност.<br>Во периодот од 01.10.2023 до 30.09.2024 реализирани се 82постапки за јавни набавки поврзани со унапредување на наставата и обезбедување на поддршка на студентите.<br>Финансирањето на научно-истражувачката дејност на Факултетот.<br>Секоја година од интегративните средства на УКИМ се финансира еден научно-истражувачки проектво вредност од 150.000,00 денари. Во 2023 година финансирани се три научно истражувачки проекти од средствата од интегративните функции на УКИМ во вредност од 266.740,00 денари и еден проект од средствата на УКИМ за културни, спортски активности и други манифестации на УКИМ во вредност од 267.800,00 денари. Во учебната 2022/2023 година финансирани се два билатерални научно истражувачки проекти со Република Австрија во вредност од 724.208,00 денари. Дополнително на него, еден научно истражувачки проект за периодот 2023-2025 се финансира од страна на Фармацевтскиот факултет, а исто така се финансираат проекти и од Универзитетското студентско собрание (УСС) во кој активно учество може да земат студенти од прв циклус на студии. За меѓународна соработка, во учебната 2023-2024 планирани се 1553000 денари од кои 600000 ден. (38,6%) се од Буџетот на РСМ, а 953300 ден. (61,4%) се од сопствени средства. Од предвидените средства, во извештајниот период, искористени се 400000 ден од Буџетот на РСМи 280000 ден од сопствени средства.<br>Покрај ова, за дел од активностите кои се реализираат од страна на факултетот во рамки на Еразмус+ програмата за мобилност и други програми, согласно правилниците на УКИМ,финансирањето се врши преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за овие активности се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот. | |

**Прилози**
Финансиски план од 2023 и 2024 година

Финансиски извештаи од претходната година (2022 и 2023)

Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа -линк до табела 9.3

Линк до објавени завршни сметки

Одлука за плата

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа,информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

За реализација на сите студиски програми се користат истите заеднички технички ресурси на факултетот. Вкупниот простор на Факултетот наменет за изведување наставна и истражувачка дејност опфаќа 3000 m2. Реализација на студиските програми на Факултетот се остварува преку користење на следниве простории: три амфитеатри (со вкупно300 седишта), една училница со капацитет од 50 седишта, 14лаборатории за изведување на практична настава (капацитет за 30 студенти во една лабораторија), компјутерски центар (работни места за 20 студенти). Амфитеатрите и училницата на Факултетот се опремени со современа аудио-визуелна опрема (компјутери, LCD-проектори, микрофони, звучници) за поефикасна реализацијата на наставата. Сите лаборатории во рамките на факултетот се опремени со основна и помошна лабораториска опрема, но и со софистицирана апаратура која пред се е набавена и се користи за научно-истражувачки цели. Студентите имаат на располагање и компјутерска училница. Компјутерската опременост на Фармацевтскиот факултет континуирано се обновува, надградува и осовременува следејќи ги трендовите на научно-технолошкиот развој, потребите на студентите, наставно научниот, соработничкиот и административниот кадар. Компјутерската училница е достапна за користење секој ден во рамки на работното време на факултетот. Факултетот за потребите на наставниот кадар и студентите има обезбедено 137 компјутери и десет безжични интернет мрежи.
Дополнително, на факултетот е достапна и платформа за комуникација, колаборација и едукација Microsoft 365 planforEducation, во кои се инсталирани алатки како Word, Excel, PowerPoint и MS Teams, како и дополнителни алатки за работа со електронска пошта. Факултетот ја препознава платформата како официјална за користење во својата работа и ја користи за online настава. Студентите на Фармацевтскиот факултет – Скопје се најавуваат на мрежата на MS Teams преку своите кориснички e-mail адреси и лозинки креирани од Факултетот. Дополнително, за одржување на одредени испити на факултетот се користи и електронска платформа Exam.net до која студентите имаат бесплатен пристап. На веб страната на факултетот за студентите е достапно детално упатство за електронско полагање на испити преку онлајн платформата Exam.net.

Библиотеката на Фармацевтскиот факултет обезбедува доволно наслови согласно нормативите на министерството од предложената задолжителна (10%) и дополнителна (5%) литература. Книги кои Фармацевтскиот факултет ги има добиено како дел од проектот на Владата за превод на учебници од странски реномирани универзитети, студентите можат да ги најдат и да ги користат во библиотеката „Браќа Миладиновци“- Скопје. Книгите од Библиотеката студентите можат да ги подигнат со претходно пополнување на прашалник што е достапен онлајн за сите студенти на факултетот (прилог линк).
Дополнителни наслови кои се изданија на Фармацевтскиот факултет се достапни за студентите преку користење на е-библиотеката на факултетот (прилог линк).

Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до потребните ресурси. Со цел овозможување на поголема инклузивност на лицата со физички хендикеп, на Факултетот има

пристапна рампа во главната зграда, како и инфраструктурна подготовка за лифт во главната зграда. Дополнително предвидени се и посебни места во амфитеатрите.

Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина.
Учењето на далечина се спроведува главно преку електронската платформа Microsoft Teams со која се остварува двонасочна комуникација помеѓу наставниците и студентите. Преку оваа платформа, студентите имаат пристап до материјалите за учење по одделните предмети и се вклучени во реализирање на дополнителни студиски активности (решавање на квизови, проектни задачи, видео материјали и слично).

Наставниот кадар и студентите на факултетот ја користат и електронската платформа Iknow која служи како студентски сервис. Конкретно, студентите преку Iknow платформата пријавуваат испити, запишуваат семестар, добиваат потписи за редовно следење на настава, имаат преглед на пријавените и положените испити и слично.

Техничките ресурси на Факултетот редовно се одржувани и постојано се надградуваат согласно Годишните планови за јавни набавки. Евиденцијата на техничките ресурси на факултетот се врши редовно преку годишни пописи на опрема кои се спроведуваат на крајот на секоја календарска година.

**Прилози**

6.2.Имотен лист на Фармацевтски факултет

Вкупна површина (дадена информација во опис 6.2 и прилог 6.2)

Попис на библиотечен фонд на установата (линк до библиотеката на факултетот и линк до е-библиотека)

План за јавни набавки за 2023 и за 2024 година

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните службиза потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатата 2023-2024 година. |

Во рамките на Факултетот за извршување на стручните и административните работи се организира стручна и административна служба која ја сочинуваат: Одделение за административни и општи работи и Одделение за поддршка на Центрите на факултетот. Најзначајна служба за студентите веројатно е службата за студентски прашања која е дел од Одделението за административни работи. Оваа служба поседува посебен шалтер во главната зграда на факултетот, како и огласни табли. Во сервисот на студентската служба за прв циклус на студии (додипломски студии) е вработено едно лице - Виш соработник за студентски прашања, кој благодарение на компјутеризираната евиденција и соодветниот софтвер (Iknow), успева да одговори на задачите и потребите на студентите. Сервисот за студентска служба за студентите од втор и трет циклус на студии ги води посебно лице - самостоен референт администратор. Кадровската екипираност во административната служба на Факултетот е соодветна на бараните квалификации и овозможува реализирање на административните и техничките активности на факултетот, нобројот на вработени во Одделение за административни и општи работи (7 + 3 технички персонал) е недоволен во однос на потребите на факултет. Вработените во административната служба на факултетот се поддршка наставно-научниот кадар во извршувањето на наставните и научно-истражувачките активности, но и на студентите на факултетот.

Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби).
Службата за студентски прашања за втор и трет циклус на студии им стои на располагање на студентите од различна студентска популација (студенти повозрасни од 25 години, вработени студенти и други), преку постојаната достапност за електронска комуникација, но и преку практиката на отворени часови за прием без ограничување, односно во текот на целото работно време на службата од 8:00 до 16:00 часот секој работен ден.
Службата за студентски прашања за прием на редовни студенти од прв циклус на студии (додипломски студии) има отворени часови од 12:00 до 14:00 часот секој работен ден. (10:00-14:00 во деновите на заверка и запишување на семестри)

Бројот на вработени во ненаставен кадар/административната служба и нивниот профил е соодветен на бројот на студенти на сите видови на студии. Називот и описот на работните места во административната служба, условите потребни за извршување на работните задачи и обврските на одделни работни места се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет-Скопје. Согласно овој Правилник се утврдени и се опишани 30 работни места на ненаставен кадар во Стручната и административната служба и 6 работни места на помошно-техничкички лица. Вкупниот број на вработени во административната служба на Факултетот изнесува 21 лице, од кои 9 лица се со високо образование, 10 лица се со средно образование и 2 со основно образование. Според работното место, на факултетот се вработени: 1 секретар, 1 раководител на одделение за административни работи, 1 раководител на одделение за поддршка на апликативните центри, 1 советник за информациско компјутерски технологии, 1 виш соработник за студентски прашања, 1 самостоен референт за благајна, 1 самостоен референт администратор, 1 виш соработник за човечки ресурси, 1 виш соработник за поддршка на центрите, 2 соработници за поддршка на центрите, 6 самостојни референти во лабораторија, 1 самостоен референт за деловно работење, 1 хаусмајстор, 2 хигиеничари. Списокот на вработени во ненаставно/административната служба на Факултетот е дадена во прилог.Бројот на вработени лица согласно систематизацијата на работни места е помал во однос на утврдени работни места, и вработените се соочуват со предизвик но посветено ги извршуваат работните задачи за да се обезбеди и одржи непреченост во работењето и да се надомести недостатокот на работен кадар.
Соработничкиот и административниот кадар вработен на Факултетот во периодот од 2023/2024 година посетиле поголем број на онлајн обуки, како и обуки за стручно доусовршување со физичко присуство (Прилог табела 6.3). Обуките, курсевите и советувањата за стручно усовршување на вработените во административната служба овозможуваат развој на сопствените компетенции на соработничкиот, помошниот и административниот кадар.

**Прилози**

Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;

Табела 6.3. - Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во извештајниотпериод

Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет-Скопје

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Во извештајниот период, на Фармацевтскиот факултет во Скопје се реализирани повеќе научно-истражувачки проекти каде се вклучени студенти од прв и втор интегриран циклус на студии, како и студенти запишани на трет циклус студии при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Во текот на 2023-2024 година се реализирани 4 научно-истражувачки проекти финансирани од Македонското еколошко друштво (МЕД) каде биле вклучени четири студенти од Прв и втор интегрирани циклус на студии, со вкупен буџет од 200.000,00 денари. Понатаму, реализирани се шест научно-истражувачки проекти финансирани од Универзитетско студентски собрание при УКИМ со вкупен буџет од 343.300,00 денари. Еден научно-истражувачки проекти е финансиран од Министерството за образование и наука на РС Македонијакако и еден билатерален научно-истражувачки проект меѓу Министерството за образование и наука на РС Македонија и OeAD - theAustrianAgencyforEducationandInternationalization. И двата проекти се со предвиден буџет од 200.000,00 денари.

| | |
|---|---|
| Учеството на студентите во научно-истражувачките проекти е скромно во однос на вкупниот број на студенти запишани на сите циклуси на студии на факултетот и се вложуваат напори да се стимулира нивниото учество во научно-истражувачките активности на факултетот. | |
| **Прилози**<br>Табела 6.4. - Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); | |
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Центарот за кариера работи согласно Одлуката за формирање и за организација на Центарот за кариера на Фармацевтски факултет – Скопје во состав на УКИМ 02-684/19/1 од 5.11.2021 година. Членовите на Центарот за кариера се избираат на седница на Наставно-научниот совет и имаат мандат од три години, со право на повторен избор.<br>Центарот за кариера воспоставува постојани врски меѓу студентите и деловната заедница, помога во поттикнување на интересот на студентите при планирање и насочување на нивната кариера, го промовира факултетот пред пазарот на трудот и да им пружи помош на студентите при премин од академската средина во професионалното работење. Истовремено, Центарот за кариера помага на идните студенти да се запознаат со можностите за студирање на Фармацевтскиот факултет и да ги насочи при изборот на соодветна студиска програма. Центарот континуирано планира и спроведува активности за промоција на кариерните можности така што во периодот на известување учествувал во организирање и спроведување на практиканство на студентите во Алкалоид АД Скопје, практиканство на студентите во Реплек АД Скопје, информативен ден со Зегин,и други фармацевтски компании со кои нашиот факултет има потпишано меморандуми за соработка.<br>Центарот за кариера во соработка со Факултетско студентско собрание на Фармацевтски факултет (ФССФФ) втора година по ред го организираше настанот ,,Јас Фармацевт – компаниите за студентите”. Учество земаа 9 фармацевтски компании и 18 студенти. Овој настан е од големо значење за студентите бидејќи овозможува студентите да се претставаат пред фармацевтските компании во нашата земја (односно пред пазарот на трудот), а компаниите од друга страна да ги запознаат студентите со организациската структура и работните позиции што ги нуди компанијата. Овој настан претставува платформа каде се среќаваат успешните компании од фармацевтската индустрија со студентите, со цел да се иницира идна соработка меѓу двете страни за градење на кариера по завршувањето на студиите.<br>Центарот за кариера, во соработка со Асоцијацијата на кариерни советници,учествува во реализацијата на повеќе работилници што имаат за цел да ги подобрат меките вештини на студентите. Во таа насока организирана е сертифицирана работилница на тема ,,Спремни за трка? Работилница за развивање на клучни вештини за вработување” која ја водеше кариерен советник од Асоцијација на советници за кариерно советување (АСК), а на која учество земаа повеќе од 70 студенти.<br>Центарот за кариера спроведува индивидуални кариерни советувања за студентите од страна на сертифициран GCDF кариерен советник.<br>Дополнително, кариерниот центар на факултетот организацира и реализацира и едукативно-апликативни проекти за студентите во соработка со фармацевтската индустрија.<br>Центарот за Кариера континуирано реализира активности за презентација на Факултетот и студиските програми на средношколците. Континуирано учествува во организацијата, промоција и спроведувањето на Отворениот ден на Фармацевтскиот факултет во рамки на Отворениот ден на УКИМ.<br>Детален опис на сите активности на Центарот за кариера се дадени во прилог (табела 6.5). | |
| **Прилози**<br>Линк до веб-страната на Центарот за кариера на Фармацевтски факултет, Скопје<br><br>6.5.А Одлука за избор на членови на Центарот за кариера на Фармацевтски факултет<br><br>6.5.Б – Табела со приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата | |
| 6.6. Установата има функционален систем за | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е |

| | |
|---|---|
| следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Фармацевтскиот факултет има воспоставено систем за следење на членовите на Алумни заедницата. На веб страната на факултетот достапен е линк за пристапувањето кон Алумни асоцијацијата на Фармацевтскиот факултет и истиот еотворен за сите кои што завршиле додипломски, последипломски или докторски студии на наставните програми организирани од факултет и сите вработени (тековни и поранешни) на Фармацевтскиот Факултет.

Поврзувањето на Алумните со тековните студенти на факултетот се одвива преку Центарот за кариера, кој организира и спроведува тематски средби, каде што говорници се алумни на Фармацевтскиот факултет, кои ги запознаваат студентите со нивниот кариерен пат. Дополнително алумните на Фармацевтскиот факултет земаа учество во настанот ,,Јас Фармацевт – компаниите за студентите".

Бројот на членови на Алумни заедницата на фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје, регистрирани во системот изнесува 427.

Сепак, функционалноста на оваа Асоцијација денес не е на посакуваното ниво и има простор за дополнителна мобилизација на алумни асоцијацијата на факултетот, всоработка со алумните при реализација напоголем број на активности, како и зголемување на бројот на средби помеѓу алумните и актуелните студенти.

**Прилози**

Приказ на системот за следење на алумни-заедницата

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Студентите на Фармацевтскиот факултет земаат активно учество во управувањето на Факултетот. Студентите преку свои претставници учествуваат во работата на Деканската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот. Во Деканската управа членува претседателот на Факултетското студентско собрание (ФСС), додека во Наставно-научниот совет членуваат 3 претставници од Факултетското студентско собрание (2 студенти од студиската програма магистер по фармација и 1 студент од студиската програма лабораториско биоинжинерство). Бројот на претставници од редот на студентите изнесува 10% од вкупниот број на членови на Наставно-научниот совет.

Студентите имаат свои претставници и во повеќе факултетски комисии. Така, во Дисциплинската комисија 1 член и 1 заменик член се бираат од редот на студентите, во Комисијата за самоевалуација 2 членови се од редот на студентите, итн.. Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира Факултетското студентското собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

Во рамките на факултетот функционира Факултетското студентско собрание и студентски правобранител.

Во Факултетското студентско собрание учествуваат претставници на студентите од факултетот и брои 22 членови. Претседателот на ФСС се избира од редот на избраните претставници на собранието. Сите студенти се вклучени непосредно во работата на собранието преку дискусии, давање идеи и вклучување во различни активности кои Собранието ги организира преку целата година. Членовите и претседателот на ФСС, се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор. Начинот на работа, изборот на претставници и нивниот број, составот, надлежноста, називот и седиштето, органите и телата, финансирањето и други прашања, се уредени со Статутот на Факултетското студентско собрание на Фармацевтскиот факултет – Скопје. Во работата на Факултетот и Факултетското студентско собрание учествува и студентски правобранител кој има за основна цел да ги брани правата на студентите на Фармацевтскиот факултет. На факултетот од страна на ФСС се избира заменик-студентски правобранител, врз основа на објавен конкурс од редот на студентите на Факултетот, со мандат од две години без можност за реизбор.

Факултетското студентско собрание ги застапува интересите на студентите, учествува во промоција на образованието на студентите на регионално ниво преку информирање и едуцирање на теми од областа на фармацијата, здравството, како и актуелни теми од областа на биомедицинските науки.
Факултетското студентско собрание активно учествува во: подобрување на наставата; ангажирање на студентите научно-истражувачките проекти со цел зголемување на интересот на студентите кон наука; организирање и учество во воннаставни активности; информирање на студентите и организирање на настани.
Факултетот ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите.
Во период за кој се однесува извештајот како поважни активности на ФСС во кои активно е вклучена и управата на факултетот се истакнуваат:
- Организација на еднодневен настан „Спремни за трката“ како еднодневна работилница за развивање на клучни вештини при вработување (соработка меѓу ФСС и Центарот за кариера при Фармацевтскиот факултет во Скопје);
-Организација на настанот ,,Јас Фармацевт – компаниите за студентите” (соработка меѓу ФСС и Центарот за кариера при Фармацевтскиот факултет во Скопје, подржан од USAID NorthMacedonia);
- Организација на еднодневен натпревар за комуникациски вештини и издавање на лекови во аптека „МАГИСТРЕ“ (соработка меѓу ФСС и Центарот за кариера при Фармацевтскиот факултет во Скопје);
- Учество во организација на манифестацијата „Отворен ден на УКИМ“ и „Ден за кариерен развој“ (соработка меѓу ФСС и Центарот за кариера при УКИМ во Скопје) и вклучување на студентите во отворениот ден на УКИМ;

- Учество на XVII Мини конгрес на студентите при Фармацевтскиот факултет во Белград „Херои у белиммантилима: знањеје наш лек“;
- Организација на еднодневен едукативен настан „Развој на одржливи хроматографски методи во фармацевтски анализи - од теорија до пракса“ (соработка меѓу ФСС и Центарот за кариера при Фармацевтскиот факултет во Скопје);
- Организиран е новогодишен хуманитарен базар во соработка со Научно-истражувачкото здружение. Собраните средства од овој настан беа донирани за лекување на болно дете.

Во извештајниот период зајакната е соработката со Центарот за кариера на Фармацевтскиот факултет, преку кој се добиени голем број на можности за пракса, професионално усовршување, посета на меѓународни конференции, посета на саем за кариера на УКИМ и други прилики за кариерно надоградување.
Факултетот му овозможува користење на простории, поддршка, како и годишен буџет на Факултетското студентско собрание, а му отстапува на користење и посебна канцеларија без надомест. Дополнително, за потребите на функционирањето на Собранието и реализација на предвидените активности, факултетот им става на располагање на членовите на собранието и други факултетски простории (амфитеатри, предавални, и сл.).
Работата на ФСС се финансира од средства на Универзитетот, на факултетот, како и од легати, подароци, прилози и други извори согласно со планот на активности и можности на Универзитетот, односно факултетот, согласно законите и актите на факултетот.

**Прилози**

- Статут на Фармацевтски факултет УКИМ
- Статут на Факултетско студентско собрание на Фармацевтски факултет-Скопје

Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);

- Статут на Фармацевтски факултет УКИМ
- Статут на Факултетско студентско собрание на Фармацевтски факултет-Скопје

Одлука за избор на членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Фармацевтски факултет-Скопје и извештај од последните спроведени избори

Табела 6.7 Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата во учебната 2023/2024

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.
Студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање во процесот на студирање преку информации објавени на веб страната на факултет, на социјалните мрежи (Facebook и Instragram),

понатаму преку посета на организирани промотивни настани и инфо сесии од страна на факултетот и центрите кои функционираат во неговите рамки, како и преку публикување на промотивни материјали. Дополнително, информации за можности што се нудат на студентите се објавуваат и споделуваат преку социјалните мрежи на Факултетското студентско собрание.
Во декември 2023 година факултетот беше дел од организацијата на настанот под мотото "Отворен ден на УКИМ – Отворен ден на Фармацевтски факултет". Во април 2024 година факултетот зема активно учество во два настани „Отворен ден на УКИМ" и „Ден за кариерен развој на УКИМ".

**Прилози**

Линк до веб страната на Фармацевтскиот факултет

Линк до веб страната на Центарот за кариера

Линк до архивата на актуелности на веб страната на Фармацевтскиот факултет
(архива на актуелности)

## Стандард 7

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.</td><td>Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот редовно прибира податоци од сите засегнати страни, ги анализира и користи како битни информации за успешно спроведување на студиските програми. Години наназад на крајот од секој семестар, се спроведува анкета за квалитетот на наставата односно анонимно оценување од страна на студентите за наставниот и соработничкиот кадар а се спроведува и дополнителна анкета која ја пополнуваат студентите при дипломирање а се однесува на оценка на севкупното задоволство одстудиите.<br>За самоевалуациониот извештај 2023/2024 година, дополнително се спроведени анкети со унифицирани прашања на ниво на универзитетот. Основен функционален систем преку кој Факултетот во рамки на оваа самоевалуација спроведе прибирање и обработка на податоците и информациите важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности поврзани со наставно-образовниот процес беше iKnow системот, што е развиен и одржуван од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и нуди можност на секој корисник, вклучително кадарот и студентите на ФФ да администрираат (внесуваат и менаџираат) соодветни податоци за својата активност, согласно доделените обврски / привилегии. Во овој процесна прибирање податоцибеа вклучени студентите, административните служби, наставничкиот и соработничкиот кадар на установата).<br>Прибирањето и последователна анализа и користење на информации за научно истражувачката работа на наставниот кадар на Факултетот се спроведува еднаш годишно, со податоци кои кадарот ги доставува до Деканот, односно Комисијата за Самоевалуација. Авторите ги депонираат своите трудови и во „Ризницата на научни трудови на УКИМ“ - Репозиториум на научни трудови и публикации, кој е јавно достапен, а развиен и одржуван од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.Факултетската ризница се состои од научни публикации напишани од страна на наставниот и соработничкиот кадар на Фармацевтскиот факултет и вклучува учебници и учебни помагала, монографии, статии во научни списанија, трудови презентирани на научни конференции итн. Голем дел од трудовите се депонирани во ризницата, но потребно е почесто ажурирање.<br>На веб страната на Факултетот се објавуваат насловите на докторските дисертации одбранети на Фармацевтскиот факултет–Скопје, потребно е нејзино ажурирање.<br>Во рамки на активноста за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во инернет просторот, научниот кадар на единицата на УКИМ креира и одржува свој кориснички профили на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации како GoogleScholar и платформите ResearchGate.net, и ORCID. На овие платформи наставниот и соработничкиот кадар на ФФ внесува податоци и информации за своите научно-истражувачки достигнувања, но потребно е почесто ажурирање на профилите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>7.1.А - Правила за видливост на УКИМ<br><br>7.1.Б – Ризница на трудови на УКИМ<br><br>7.1.В - Список на прифатени теми за изработка на магистерски/специјалистички докторски трудови на ФФ<br><br>7.1.Г - Список до одбранети докторски трудови на ФФ</td></tr>
<tr><td>7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката</td><td>Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">На Фармацевтскиот факултет-Скопје во рамки на процесот на самоевалуација се прибираат релевантни информации за профилот и дејноста на установата. Овие информации подразбираат статистички податоци за студентската популација; студиските програми, профилот и ангажманот на вработените во установата, напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоци за соработка на установата со домашни и странски институции, податоци за одржани стручни/научни настани и учество во активности итн. Податоците поврзани со студентската популација се обезбедуваат преку софтверската апликација iKnow и од извештаите на наставните катедри.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. Студентите се вклучени преку анонимно изразување на своето мислење со пополнување на анкетни прашалници кои беа достапни преку iknow системот за при прибирање на податоци за анализа на квалитетот на наставно-образовниот процес, додека пак вработените се вклучени во обезбедување на податоци поврзани со нивната наставно-научна работа (ангажираност во настава, истражувања и проекти, објавени и презентирани трудови, учество на конференции и сл). Сите податоци кои вработените ги обезбедуваат се дел од вкупниот извештај на Деканот за работата на факултетот во учебната година, што го усвојува Наставно-научниот совет (во прилог извештај за периодот 1.09.2022-31.08.2023год.) и се користи како основа за подготовка наизвештаите за самоевалуација. Прибирањето на податоците и информациите со овие процеси е со цел да се применат за планирање на активностите на Факултетот, како на пример промотивни активности и уписна политика, за подобрување на наставата и наставните методи, подобрување на условите за студирање, вмрежување со институции од странство и подобрување на меѓународната соработка, унапредување на соработката со приватниот и јавниот сектор во земјата и сл.<br>Понатаму, податоците прибрани од анкетата за евалуација на квалитетот на наставата која се спроведува во текот на секој семестар се третираат како значаен е индикатор на квалитетот на наставно-образовниот процес, се споделуваат со секој наставник и вкупната оценка на наставникот е вклучена и во реферантот за избор.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>7.2.А - Извештај за работата на Деканот на Фармацетскиот факултет за периодот 1.09.2022-31.08.2023<br><br>7.2.Б - Извештај од самоевалуација на Фармацетскиот факултет за периодот 2019-2022</td></tr>
<tr><td>7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.</td><td>Информација за значајни настани, активности и процеси.</td></tr>
<tr><td colspan="2">НаФармацевтскиотфакултетсеорганизираатиодржуваатголембројнастаниактивностивонасоканаунапредувањенаобра зовниотпроцесинаучно-истражувачкитеактивности, какоивмрежувањесобизнисимеѓународнатазаедницатаистручнисостаноци. Домоментов, наФакултетотнеевоспоставенпосебенелектронскирегистарзаевидентирањензначајнитенастаниактивности, носитетиесенавременообјавенинавебстранатаодфакултетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>7.3. Табела - Регистар на значајни настани,активности и процеси во учебната 2023-2024<br><br>7.3.А - Линк до веб страната на факултетот со објавени настани</td></tr>
<tr><td>7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.</td><td>Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во рамките на својот делокруг на работење, а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на образованието и науката, врши задолжително собирање, чување и обработка на лични податоци на субјекти во согласност со одредбите на Законот за</td></tr>
</table>

| |
|---|
| заштита на лични податоци и другите релевантни позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со студентите, Факултетот соодветно ја обезбедува, односно ги штити личните податоци на сите засегнати страни согласно Законот за заштита на лични податоци и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтскиот факултет ја врши обработката на податоците за студентите во дигитална форма преку iKnow системот одржуван од страна на Универзитетот. Во однос на прибирањето податоци во хартиена форма, податоците кои ќе се обработуваат во студентските досиеја се утврдени согласно Законот за високо образование и Статутот на УКИМ. Студентите при нивното запишување на студии, доставуваат лични изјави со кои изразуваат согласност за обработка на нивните лични податоци. |
| **Прилози**<br>Закон за заштита на личните податоци (Сл. весник на РМ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15)<br><br>Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021 и 58/2024)<br><br>Статут на УКИМ<br><br>Решение за службено лице за посредување со информации од јавен карактер бр. 03-543/3 од 14.09.2021год.<br><br>Изјава за согласност за лични податоци |

# Стандард 8

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>8.1. Високообразовната установаредовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни.Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.</td><td>Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Факултетот редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми.<br><br>Фармацевтскиот Факултет во Скопје на својата веб страна ги има објавено сите релевантни информации за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за сите три циклуси на студии. Редовните промотивни настани кои се одржуваат еднаш годишно обезбедуваат простор за дополнителни дискусии во однос на целосниот образовен процес и потенцијалните вработувања. Во тој контекст се презентирани сите прилози од кои дополнително ќе ги верификуваат активностите и заложбите на Фармацевтски факултет.<br>Во учебната 2023/2024 година Факултетот ги реализираше следниве промотивни активности:<br>Учество во настанот Отворен ден на УКИМ – во рамките на кој освен штандот на Фармацевтскиот факултет што беше поставен во Ректоратот, самиот факултет лично го посетија голем број студенти и имаа можност да се запознаат со работата на факултетот, одржувањето на наставата и административните служби. Во тек на овие промотивни настани, се дискутираат и можностите за вработување на кандидатите и иден професионален развој. Во истите учествува претежно наставниот кадар со поддршка на техничкиот кадар.<br>Како и секоја учебна година така и оваа беше организиран и првиот академски час за новозапишаните студенти на прв и на интегриран прв и втор циклус студии.<br>За промоција на студиската програма од втор циклус студии по Фармаковигиланца, испратено е известување/оглас за упис до сите носители на одобренија за промет со лекови и медицински средства.<br>Во изминатата учебна година не се реализирани посети на средните училиштата со промотивен карактер и не се спроведени позначајни активности за промоција на студиските програми од трет циклус.<br>Фармацевтскиот факултет ги објавува конкурсите за запишување на студии и ги промовира настаните кои се организираат во рамки на програмата за континуирана стручна едукација на дипломирани фармацевти и на социјалните мрежи Facebook и Instagram. За одржувањето веб страната, профилите на социјалните мрежи и објавувањето на информации е задолжен дипломиран инженер по информатика, вработен на факултетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Линк до веб страната на факултетот - верзии на македонски и англиски јазик<br>Линк до Facebook-профил<br>Линк до Instagram -профил</td></tr>
<tr><td>8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член</td><td>Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 21 став 3 од Законот за високо образование. | трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Фармацевтскиот факултет-Скопје на својата веб страна ги објавува информациите поврзани со студиските програми и активности. Таму се поставени елаборатите за акредитација на студиските програми со детален опис на програмите, структурата и содржината на студиската програма, критериумите за упис и целите на секој предметна програма поединечно, формите на наставни активности, начинот и критериумите за оценување како и релевантната литература. Во елаборатите се наведени и квалификациите со кои се стекнуваат студентите по успешно завршување на студиската програма.

**Прилози**

**Линкови доweb страната на факултетот каде се прикачени следните информации и документи:**

**Линкови од елаборатите од последни акредитирани студиски програми:**

Прв циклус студии:

- Магистер по фармација
- Лабораториско биоинженерство
- Диететика и диетотерапија

Втор циклус студии

- Академски специјалистички студии
- Академски магистерски студии

Трет циклус докторски студии

**Решенија за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно:**

Прв циклус студии:

- Магистер по фармација - Решение за акредитација, Решение за почеток со работа
- Лабораториско биоинженерство - Решение за акредитација, Решение за почеток со работа
- Диететика и диетотерапија - Решение за акредитација, Решение за почеток со работа

Втор циклус студии

- Академски специјалистички студии
- Академски магистерски студии

Трет циклус докторски студии

Статутот на Фармацевтски факултет
Правилник за систематизација;
Извештај за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,
Годишен извештајод Деканот за работата на Фармацевтски факултет,
Прифатени теми за изработка на магистерски трудови;
Список до одбранети докторски трудови на ФФ

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е применливо). |

Фармацевтскиот факултет има активна веб страна http://www.ff.ukim.edu.mk/ во верзии на македонски и англиски јазик, на која се поставени податоци за Факултетот и неговото работење, академскиот и административниот кадар, детални описи на сите студиски програми и информации поврзани со запишување и напредување во тек на студиите. Преку веб страната се пристапува и до упатства, обрасци за издавање документи на студенти како и до електронската библиотека на факултетот со пристап ограничен само за студентите и вработените на

| |
|---|
| факултетот. На страната е истакнат универзитетскиот календар и распоредот за настава на факултетот кој редовно се ажурира согласно потребите за одредени промени, така што студентите и наставниците се континуирано и навремено известени за евентуални промени и расположливоста на просториите за закажување на активности по потреба.<br>На веб страницата се огласуваат сите релевантни информации поврзани со промоција на факултетот, конкурси и услови за аплицирање, најава и информации за стручно едукативни и други настани во организација на факултетот. Во полето соопштенија за студенти, се објавуваат информации поврзани со наставата и реализираните испити. |
| **Прилози**<br>Линк до веб страната - сегментот „Соопштенија за студенти“<br><br>Линкови до сегменти од веб страната со податоци за објавени научни публикации:<br>Магистерски и специјалистички теми<br>Список до одбранети докторски трудови на ФФ<br>Објавени трудови на наставно-научниот кадар<br>КНИГИ, МОНОГРАФИИ И ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ |

## Стандард 9

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9:МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилносткако дел од вкупниот број на студенти (за 2023/2024 година, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студентите на Фармацевтскиот факултет ги користат можностите за мобилност преку ERASMUS+ и CEEPUS програмите. По реализирање на мобилноста, таа се оценува и признава од страна на предметните наставници и Комисијата за Еквиваленција на студиски програмипри Фармацевтскиот факултет и последователно се потврдува од Наставно Научниот Совет на Факултетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>9.1.А Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклусина студии<br>9.1.Б. Листа на студенти кои користеле мобилност во учебната 2023/2024, прикажани по студиски програми за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+Листа</td></tr>
<tr><td>9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Меѓународната соработка претставува основа за вмрежување на Факултетот со цел поддршка во изведба на научни активности и мобилност на наставно-научниот кадар и студентите, од каде произлегува и континуираната ангажираност за помасовна соработка и реализација на активности од меѓународен карактер.Фармацевтскиот факултет засега нема темелно развиена политика за меѓународна соработка и интернационализација со дефинирани приоритети. Но, процедурите замобилност на студентите се дефинирани и секоја година оваа можност ја користат дел од студентите во повисоките години од студиите. Одговорно лицеза меѓународната соработка, во рамки на установата, е продеканот за наука и меѓународна соработка. Податоците за реализираната меѓународна соработка за секоја учебна година детално се наведуваат во годишниот извештај од Деканот заработата на Факултетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>Годишен извештај на Деканот за работењето на Факултетоот во периодот 1.09.2022-31.08.2023год.</td></tr>
<tr><td>9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.</td><td>Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).</td></tr>
<tr><td colspan="2">Финансирањето на меѓународната соработка на факултетот се врши од средства обезбедени од сопствени приходи и од средства обезбедени од МОН. Во рамките на сопствените приходи со кои располага факултетот, се издвојуваат средства за финансирање на активностите на полето на меѓународната соработка и интернационализација.</td></tr>
</table>

Факултетот ја поддржува меѓународната соработка со повеќе активности меѓу кои:
Со одлука на Факултетот се одвојуват финансиски средства на годишно ниво за секој Институт поодделно.Користењето на наведените средства е исклучиво наменски закотизација и учество на конгреси, конференции, семинари или за објавување на трудови.При тоа, секој член на наставниот и соработничкиот кадар може да искористи околу 200 евра во текот на една календарска година.Средствата наменети за финансиска поддршка според оваа одлука се обезбедуваат од сопствени средства на Факултетот.
Дополнително средства од факултетот се обезбедени за објавување на трудови во списание со фактор на влијание ≥ 4.0.
Покрај ова, факултетот за дел од проектните активности кои ги реализира како координатор (Еразмус+ и други) или како партнер, согласно правилниците на УКИМ, се финансира преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за овие научно-истражувачки проекти се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот до сите единки па и до Фармацевтскиот факултет.

**Прилози**
Табела 9.3Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата, со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќии за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за 2023/2024 година со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан за 2023/2024 година);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Фармацевтскиот Факултет во Скопје има воспоставено соработка со повеќе универзитети и други институции од странство. Студентитекако и вработените на Факултетот имаат можност да реализираат мобилност во рамки на програмите Erasmus+ и CEEPUS. Во приложената табела е наведен список на студенти кои користеле мобилност во учебната 2023/24година. Евидентно е дека во тековната година мал број студенти користеле мобилност и тоа само 5 студенти (0.8%) од интегриран прв и втор циклус на студии, што претставува 100% искористеност на достапнитеместапреку Erasmus+ програмата за студентите на нашиот факултет.Шест студенти на трет циклус на студии оствариле студиски престој како задолжителна активност според студиската програма и дополнително еден доцент е на шестмесечен постдокторски студиски престој на Универзитетот во Калифорнија, Лос Анџелес – DavidGeffenSchoolofMedicine, финансиран од J.WilliamFulbrightForeignScholarshipBoard.
Главните активности за меѓународна соработка и интернационализација на Факултетот, се остваруваатво рамките на реализација на научно истражувачките и апликативните проекти, како и организација и учество на конференции, симпозиуми и други настани од меѓународни размери.
Во периодот 2023/2024 членови на академскиот кадар на Факултетот учествувале во реализација на четири проекти со меѓународен карактер, а повеќе од 74 трудови се презентирани на меѓународни конференции во форма на усни предавања, презентации или постери.
Фармацевтскиот Факултет редовно е домаќин на научни и стручни конференции од меѓународен карактер. Во изминатиот период Фармацевтскиот Факултет беше организатор и домаќин на 14-тиот Централноевропски Симпозиум за Фармацевтска технологија со фокус на Фармацевтски Развој и Нанофармацевтици што се одржа во периодот 28-30 Септември во Охрид. На конференцијата учествуваа повеќе од 200 учесници од 20 Европски држави. Фармацевтскиот Факултет во соработка со Македонското Фармацевтско друштво е издавач на научното списание MacedonianPharmaceuticalBulletin, со меѓународен уредувачки одбор, индексирано во DOAJ Directory и EBSCO Hostдатабазата Во периодот опфатен со извештајот подготвени се и објавени 2 броја на списанието: бр 69(1) и 60(2).

**Прилози**
5.8.А - Список на Научно-истражувачки проекти во кои учествувал наставниот и соработничкиот кадар во 2023/2024год.

5.8.Б - Список на трудови презентирани на Конференции во учебната 2023/2024

9.4. Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство

9.5.- Список на Универзитети, Факултети, Институти и Оддели со кои соработува Фармацевтскиот факултет од Скопје

9.4.Б - Листа на ERASMUS+ билатерални договори на УКИМ

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата,ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Во учебната 2023/2024 година на Фармацевтскиот Факултет е регистриран еден новозапишани странски студент на студиската програма Магистер по фармација, четири на студиските програми од втор циклус и два новозапишани странски студенти на студиската програма за трет циклус на студии. Така на ФФ во моментов студираат 14 докторанди и 24 магистранти/специјализанти од странство од вкупно 58 и 143 активни студенти на студиите од трет и втор циклус соодветно, од каде е евидентно дека интересот на странските студенти е незначителен за додиломските и задоволително висок за постдипломските и докторските студии.

Во периодот на известување, на Фармацевтскиот Факултет во Скопје гостуваше професор Барбара Јадах (BarbaraJadach) од Универзитетот во Познан, Полска, во склоп на ЦЕЕПУС проект со предавање на тема „Мезопорозни материјали како потенцијални носачи за испорака на лекови“ (Mesoporousmaterialsaspotentialcarriersfordrugdelivery). На факултетот вообичаеносе ангажираат странски професори како ментори или членови на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови,во изминатата година не е регистрирана ваква активност.
Во 2021 година, Фармацевтскиот факултет ја покрена иницијативата за воспоставување на своја Алумни асоцијација, еден од нејзините приоритети е воспоставување, одржување и продлабочување на соработка со сродни високо-образовни и научно-истражувачки институции, здравствени институции и приватни субјекти, во државата и надвор од неа, во кои успешно работат поранешни студенти на Фармацевтскиот факултет. На веб страната од факултетот е поставен линк до пристапницата која ја пополнуваат заинтересираните кандидати за членство.. Досега асоцијацијата брои 427 членови.

**Прилози**

Линк до информации за алумни асоцијацијата на ФФ

**Изјава**

Под полна материјална и кривична одговорност јас, проф. д-р Зоран Стерјев со ЕМБГ 02049744410014, одговорно лице - декан во високообразовната установа Фармацевтски факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Фармацевтски факултет за периодот 2023/2024 година се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

проф. д-р Зоран Стерјев
(име и презиме)

____________________
(своерачен потпис)

Јас, НОТАР Весна Паунова
ул.Наум Охридски бр.2 Скопје

Потврдувам дека
Зоран Стерјев, ул.Партениј Зографски бр.14, Скопје
Декан во високообразовна установа Фармацевтски факултет Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша писменото,
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: М0525239 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

Број УЗП 3212/2024

Во Скопје 10.07.2024

НОТАР

Весна Паунова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ПАУНОВА
СКОПЈЕ